РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2013

# БЕСКРУ-
# ПУЛОЗ-
# НА БОР-
# БА ЗА
# ВЛАСТ

АНАЛИЗИ, ИЗВЕШТАИ И ПРЕПОРАКИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2013

# БЕСКРУ-ПУЛОЗ-НА БОР-БА ЗА ВЛАСТ

## АНАЛИЗИ, ИЗВЕШТАИ И ПРЕПОРАКИ


**автори:**

**извештаи и анализи**
Џабир Дерала, Харалд Шенкер, Албулена Карага

**извештаи за медиумите**
Ристо Поповски, Илир Ајдини, Анушка Цветковска



**ЦИВИЛ - Центар за слобода**
**www.civil.org.mk**
**Скопје, 2013**

WWW.CIVIL.ORG.MK

# импресум

**издавач**
Цивил - Центар за слобода

**автори**

**извештаи и анализи**
Џабир Дерала
Харалд Шенкер
Албулена Карага

**извештаи за медиумите**
Ристо Поповски
Илир Ајдини
Анушка Цветковска

**асистенти**
Кате Христовска
Соња Ефтовска
Марија Јосифовска
Кристина Митковска
Семра Амет
Фросина Митрушева
Ариан Мехмети
Стефан Урџановски
Марио Јанкуловски

Печати: ТП „Дуле 99“
Тираж на изданието на македонски: 200

Со секој примерок на оваа книга: ЦД
со истиот наслов со дополнителни
информации и материјали

Адреса на издавачот: ЦИВИЛ, Мито
Хаџивасилев Јасмин 12/5, 1000 Скопје,
Република Македонија

Оваа публикација е дел од
**ПРОЕКТ ЗА СЛОБОДНИ И НЕНАСИЛНИ ИЗБОРИ 2013**
со финансиска поддршка од
Швајцарска агенција за развој и соработка
(СДЦ)
**Содржината на овој материјал ги претставува мислењата на авторите и нужно не ги рефлектира ставовите на СДЦ.**

**ISBN-13 978-9989-2001-5-1**

# содржина

**Предговор** 5

**Правно-политички контекст** 9

**Извештаи** 23

**Денови на гласање** 45

**Медиумите во изборите** 59

**Препораки** 89

БЕСКРУ-
ПУЛОЗ-
НА БОР-
БА ЗА
ВЛАСТ



# Предговор

Проектот „Слободни и ненасилни избори 2013“ го имплементира Цивил – Центар за слобода со финансиска поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка. Проектот се спроведуваше на национално ниво и содржеше две основни компоненти:

А. Јакнење на јавната свест за изборната култура и превенција од насилство и оружено насилство;

Б. Работа на терен – работата на терен беше високо интензивна и беше насочена кон превенција од изборни нерегуларности, насилство и оружено насилство во текот на целиот изборен процес и постизборието.

Цивил продуцираше 8 видео спотови за ТВ кампања и 20 радио џинглови со пораки за поддршка на слободни и ненасилни избори. Тимот на Цивил дизајнираше и голем број графички материјали за печатење и онлајн објава. Пораките на кампањата беа пренесени преку 6 телевизиски, 9 радио станици и 8 интернет портали. Сите продукти на кампањата беа на македонски и албански јазик. Креативниот тим на Цивил продуцираше и документарни филмови; наместо предвидениот 30-минутен документарец, се продуцираа четири документарци. На сето тоа, Цивил додаде и 16 видео клипови во рамки на неформалната кампања наречена „Ајде да бидеме озбилни“ со намера да ја зајакне јавната свест преку хумористични слогани.

Кампањата вклучи интензивен онлајн активизам. Веб страната на Цивил и профилите на социјалните мрежи и платформи ((Facebook, Twitter, YouTube, Pinterest, Soundcloud итн.) беа дополнувани со содржини секој час, деноноќно.

Цивил влезе во соработка и партнерство со неколку организации како Форум Цивилен Мировен Сервис (Forum ZFD), Институт за развој на заедницата – Тетово, Центар за развој на заедницата Кичево, Фондација за развој на локалната заедница – Штип и Хелсиншкиот комитет за човекови права на Македонија.

Проектот беше поддржан од низа други организации како Асоцијацијата на жената Албанка од Кичево, Младински културен центар Битола итн. Координација и соработка беше воспоставена и со Граѓанската асоцијација МОСТ и Националниот демократски институт (НДИ). Редовни контакти се одржуваа со мисијата на ОБСЕ/ОДИХР, како и со низа други домашни и меѓународни организации и институции.

Овој проект е пример за блиската соработка и партнерство меѓу граѓан(к)ите и секторот на граѓанското општество. Цивил беше препознаен од граѓан(к)ите на Република Македонија како неутрална, доследна и чесна организација. Ја користиме оваа пригода да им заблагодариме на граѓан(к)ите за нивната поддршка и бројните повици и пораки со информации за ситуацијата во нивните заедници.

Цивил формираше Работни групи за превенција во девет регионални центри (Скопје, Куманово, Тетово, Кичево, Охрид, Битола, Струмица, Штип и Велес). Бројката на луѓе ангажирани во проектот достигна 160 лица, од кои 128 беа акредитирани од Државната изборна комисија. Овие бројки ги вклучуваат и члeновите на партнерските организации.

Набљудувањето на изборниот процес започна на 17 декември и траеше до крајот на април. Некои аспекти на нашето набљудување вклучуваат периоди пред и по назначените датуми. Цивил ја набљудуваше општата политичка ситуација, практиките на политичките партии и владините институции, меѓуетничките односи и медиумите. Методологиите на набљудувањето вклучуваа и близок контакт и прибирање информации од теренот, поделени во неколку категории, како поединечни интервјуа, прашалници, фокус групи итн. Секој член на персоналот подготвуваше најмалку по два извештаи неделно кои ги испраќаше на аналитичкиот тим на Цивил. Мобилните тимови беа секогаш на располагање да пружат различни видови поддршка на тимовите на теренот, да дистрибуираат





материјали за јакнење на јавната свест и да организираат локални медиумски активности и настани. Локалните настани вклучуваа средби во заедницата, тркалезни маси, прес конференции и интервјуа за локалните медиуми, средби со политичките партии и нивните активисти, НВО, локални власти и полиција, информативни штандови итн.

Преку 400 изјави и интервјуа беа дадени на локални и национални медиуми, како и на неколку меѓународни медиуми. Над илјада медиумски прилози беа објавени во изминатите шест месеци на имплементација на проектот. Десетици илјади парчиња печатен материјал допреа и до најоддалечените населби во земјата, а стотици луѓе беа контактирани секој ден. Видливоста на проектот беше масивна.

Произлезе дека проектот помогна во смирувањето на етничките тензии и насилство кои избија во текот на изборниот процес, но дејствуваше и како алатка која придонесе за политичкиот дијалог во услови на сериозна политичка криза во земјата. Цивил ја организираше и конференцијата „Демократските перспективи“ посветена на политичката култура и дијалогот, каде што политичарите, НВО и медиумите се сретнаа и разговараа за перспективите на земјата и предложија решенија за надминување на предизвиците во контекст на изборите.

Цивил и персоналот на партнерските организации покажаа голем ентузијазам и заложба за исполнување на целите на проектот. Проектниот тим на координативната канцеларија на Цивил се состои од луѓе со редок интегритет и храброст, високи професионални вештини и етика.

Во оваа книга ќе најдете анализи и извештаи за изборниот процес, за политичката ситуација, но и за состојбата со медиумите, како и препораки за главните општествени, политички и институционални актери во земјата. Важно е да се напомене дека ова е само селекција од илјадници страници од извештаи кои пристигнаа во текот на проектот. ЦД-то кое оди со оваа книга содржи избор од написи, извештаи и анализи кои веќе се публикувани на www.civil.org.mk. Се надеваме дека ова четиво ќе придонесе за развојот на политичката култура и слободни и ненасилни изборни процеси во иднина.

# БЕСКРУ-ПУЛОЗ-НА БОР-БА ЗА ВЛАСТ

## ПРАВНО-ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ

# Политичка позадина

Во изминатата 2012 година Македонија помина низ приод исполнет со високи нивоа на политички тензии којшто резултираше со излив на структурно, политичко и физичко насилство на крајот од годината.

Тензиите можеа да се почувствуваат на повеќе нивоа, а беа не само внатре етнички, туку и меѓуетнички. Владејачката коалиција ја потресоа меѓуетнички инциденти и тензии во повеќе наврати. Убиството на двајца млади луѓе во Гостивар од страна на полицаец надвор од работата, предизвика низа насилни инциденти меѓу младината. Имајќи предвид дека такви настани ретко се случуваат сами од себе спонтано, очигледно беше дека политичките актери главно од двата коалициски партнери ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ го започнале процесот на мобилизација на улични групи во случај на предвремени парламентарни избори, покажувајќи со секој инцидент дека креирањето на етничката политика останува приоритет над интересите на сите граѓани.

Бруталниот инцидент во кој беа застрелани четворица млади луѓе и еден средовечен човек во близината на Скопје предизвика една од типичните полициски претерувања, во кое специјална полиција вршеше акции и апсеше луѓе ваму и таму, измислувајќи смешни обвинувања за исламски тероризам, дали од некадарност, дали од несакање да ја испита вистинската позадина на убиствата. Многу малку од масовните апсења можеа да се потврдат. Невини лица беа лажно обвинети и малтретирани, а теориите на заговор цветаа. И да е така, случајот повторно отвори колективно незацелени рани и дополнително придонесе за проширување на јазот меѓу двете етнички заедници во Македонија, како и за постојаното губење на довербата кај граѓаните за капацитетот на државните институции, а посебно на полицијата за исполнување на своите должности.

Уште еден од настаните што политички ја потресе македонската јавност беше посетата и оддавањето почит на споменикот на жртвите на ОНА во селото Слупчане од страна на тогашниот Министер за одбрана, Фатмир Бесими. Овој гест беше протолкуван како намерна провокација за „нормализирање“ на статусот на поранешните борци на ОНА во тековната македонска расправа за социјалниот статус на борците во конфликтот од 2001 година и



ИЗВЕШТАЈ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013, АНАЛИЗИ И ПРЕПОРАКИ

предизвика насилни реакции. Беа мобилизирани истите улични групи за предизвикување инциденти, означувајќи го постоењето на спремна хулиганска сила.

ВМРО-ДПМНЕ ја започна постапката за „Законот за бранителите“ со кој се регулираат посебни права за членовите на безбедносните сили кои зедоа учество во етничкиот конфликт од 2001 година. Партнерот во владејачката коалиција, ДУИ, одговори со 15.000 амандмани со цел да ја попречи постапката, нагласувајќи дека законот треба да обезбеди еднаков третман и за борците на УЧК. Во есента 2012 година, низа злонамерни дејствија започнаа да го разјадуваат и така нестабилниот кредибилитет на Парламентот во јавноста, по што медиумите почнаа да ги исмеваат, а генералната јавност од нив да прави вицеви. По маратонската дискусија за законот за „бранителите“, т.е. статусот на борците од конфликтот во 2001 година, еден од пратениците одлучи да ја блокира работата на соодветната собраниска комисија со тоа што одби да го напушти говорното место, по што на наизменични интервали следуваше молчење, читање поезија, или пак држење лекции на комисијата на една или друга тема повеќе од десет дена последователно. За време на прелиминарната собраниска дискусија на комисијата за државниот буџет за 2013 година во декември, работата на комисијата протече со груби вербални, а понекогаш и физички закани меѓу пратениците. Кога Владата се обиде да го донесе буџетот на пленарна сесија, притоа арогантно игнорирајќи го фактот дека работата на соодветната комисија е далеку од завршена, настаните ескалираа со тоа што опозициската СДСМ се обиде да го спречи одржувањето на седницата. На крај и пратениците, но и новинарите кои го следеа заседавањето на Собранието беа присилно исфрлени со специјална полиција и обезбедувањето на Собранието. Во исто време, пред зградата на Собранието едвај успеваа да се спречат масовните судири на поддржувачите од двата политички блокови. Веднаш по овој настан, СДСМ започна со бојкот на работата на Собранието, бојкот што заврши на 1 март 2013 година со компромисот до кој што се дојде со посредство на ЕУ.

Сцените на дотогаш невидена бруталност во Собранието и тензиите на скопските улици беа во висока мера пренесувани во медиумите и претставуваа соодветен завршеток на една година исполнета со тензии, со акцент на трендот на ескалирање на политичкиот натпревар до ниво на отворена војна меѓу лидери, лидерства и нивните поддржувачи, па сè до платени статисти.

Опозицијата реши својот протест да го изнесе надвор од

институциите, организирајќи низа прилично неуспешни обиди за она што самите го нарекоа „граѓанска непослушност", односно блокирање на главните крстосници по околу 30 минути, на различни локации секој ден. Протестите беа придружени со барање за предвремени парламентарни избори.

Не беше никакво изненадување што успехот на активностите околу новогодишните празници беше прилично скромен во македонското општество. Меѓутоа, истиот предизвика меѓународен интерес, бидејќи политичката криза се одрази негативно на политичките заложби што владата ги направи како дел од Пристапниот дијалог на високо ниво (ПДВН) и се закануваше да го исфрли од колосек целиот процес.

Инволвираноста на високи службеници од ЕУ, вклучително и Комесарот за проширување Стефан Фуле во лудилото на посредничка дипломатија на крај донесе компромис. Содржината на компромисот остана доволно нејасна за обете страни да можат да се согласат со неа. Опфаќаше враќање на опозицијата во собранието, нивно учество на локалните избори, воспоставување на комисија за испитување на настаните од 24 декември 2012 година и евентуално одржување на разговори за предвремени парламентарни избори, како и обврска за владата да ги спроведе останатите препораки од ОБСЕ и Венециската комисија во однос на изборното законодавство. И покрај тоа, едно од главните барања на СДСМ изнесувано за време на протестите, т.е. одговорните за настаните од декември 2012 година да поднесат оставка, не беше исполнето.

Посакуваниот резултат беше постигнат, СДСМ се врати во Собранието и учествуваше на изборите. Сепак, неисполнет до денешниот ден останува централниот дел на договорот, односно воспоставувањето на комисија за испитување, со што прашањето за одговорноста за настаните од декември останува да виси во воздух. Сè уште не се одржани разговори за можни предвремени парламентарни избори.

Особено интересно е да се забележи тоа што албанските партии - и онаа во владата и другата од опозицијата - апстинираа од учество во оваа демократска пародија, сметајќи ја за македонски проблем. Полека продира информацијата дека надвор од очите на јавноста, сепак се одржувале разговори, но не е даден никаков извештај за јавноста. Фактот што коалицијата се одржа за време на кризата покажува премолчена согласност од страна на ДУИ со начинот на којшто нивниот коалициски партнер одлучил да постапува.





# Правни аспекти

Измените на изборниот законик беа донесени на 2 март, а со нив рокот за пријавување кандидатури за градоначалници и листи на советници беше продолжен до 8 март. Меѓутоа, истото не беше пресликано во другите делови на законодавните регулативи, со што се предизвика конфузност и контроверзно однесување.

Владата не спроведе значителен дел од препораките од ОБСЕ/ОДИХР и Венецискатa комисија од 2011 година, кои беа наменети за подобрување на изборното законодавство.

И покрај тоа што градоначалниците се избираат директно, советниците се избираат преку целосно пропорционален систем со затворени партиски листи, со што гласачите се лишуваат од изразување на својот личен избор и се присилуваат да гласаат за пакет во којшто не знаат што се наоѓа. Овој систем, сличен на системот на којшто се организираат парламентарните избори промовира долготрајност на непотизам и клиентелизам меѓу семоќни политичари и обесправени граѓани.

ЦИВИЛ доби многу пријави од граѓани на кои не им беше дозволено да гласаат бидејќи воопшто ги немало на избирачкиот список. Други се жалеа дека морале да „шетаат" од едно на друго избирачко место меѓу двата круга, посебно во скопска општина Центар. Законитоста на таквите потези бара должно внимание, бидејќи беа искажани тврдења дека ова е намерно направено за гласачите за кои се знае дека ја поддржуваат опозицијата.

Продолжува недоволната транспарентност околу финансирањето на кампањите на политичките партии. И покрај тоа што по завршувањето на изборите, партиите и кандидатите се обврзани да прикажат финансиски извештаи, истите ретко кога ја отсликуваат реалноста. На овие локални избори, владејачката ВМРО-ДПМНЕ потроши повисок износ за кампања отколку сите други партии заедно, што, ако не друго, отвори низа прашања за потеклото на тие средства. Постојано се искажуваа наводи за црни фондови со кои се финансираат „операции за убедување на гласачите"

Симптоматично е тоа што ниедна политичка партија не се заложи посебно силно за откривање на овие сериозни недоследности, што укажува на тоа дека од општ интерес на сите актери во политичкиот процес е да ја држат достапна оваа можност на „матни" финансирања.

# Анализа на наодите

Локалните избори 2013 година беа уште една потврда на фактот дека македонската политика во изминатите неколку години е доведена на ниво на високо персонализирана пресметка меѓу лидерите на двете најголеми етнички македонски партии: ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Начинот на којшто тие и нивните машинерии се однесуваат едни со други многу потсетува на класичниот период на балканско водење политика - крајот на XIX и почетокот на XX век, време во кое политичките опоненти се сметале за лични противници, а нивната партиска машинерија за личен имот, или само инструменти за исполнување на личните амбиции на лидерот. Овој став го опишува и политичкото ривалство на Никола Груевски и Бранко Црвенковски и многу придонесува за деградација на самите политички партии, како и на државните институции. Настаните од 24 декември 2012 година беа кулминација во таа насока, како и знак дека е достигната границата на толеранција на меѓународната заедница.

Настаните претставуваат преседан кој може да биде многу опасен доколку ад хок комисијата не добие вистинска шанса за извршување на својата задача или доколку не си ја исполни задачата како што треба, а тоа е да ја расветли позадината на овие настани и да ги именува виновниците. Можната опасност е во фактот што ако и највисоката државна институција не може да се смета за безбедна од насилство, тогаш нема да постои друг институционален начин за спречување на гореспоменатото нагризување на демократските начела и процедури, со што директно се отвора патот за ниво урнисување. Нашиот интерес во отсуството на насилство во политичката арена налага ЦИВИЛ да продолжи да ги следи настаните поврзани со злоупотребата на државните институции за лични и политички цели и особено сериозно да се зафати со овој проблем.





# Долгорочни фактори на ерозија

Добар дел од неправилностите и поткупливоста на политичките процеси во Република Македонија претставува резултат на бројните системски и општествени недостатоци, кои влијаат негативно врз изборните процеси во земјата на долг рок.

Избори сами по себе не предизвикуваа конфликт, туку бескрупулозната трка за моќ и претераното користење на таа моќ се она што ги храни постојните, длабоко вкоренети општествени, политички и етнички поделби во земјата и внесува уште поголема поларизација и влошување на демократијата.

Партизацијата на институциите е далекусежна и сеприсутна и целосно го поткопува нивото на демократија и владеењето на правото. Институциите се важен инструмент за сè посилното видливо владеење на мала група луѓе кои ја држат власта во свои раце, а кои политичката партија на власт ја користат како резервоар. Нефункционирањето на институциите води кон сериозно нарушување на изборниот процес, долго пред самото закажување на изборите. На тој начин, изборните неправилности и измами станале значителен дел од политиките и практиките кои ги поткопуваат изборите долго пред тие реално да започнат.

И покрај меѓународните препораки за реформи и декларативната заложба на домашните политичари, судството станува сè повеќе и повеќе партизирано и подвргнато на волјата на партиските лидери кои се на власт. Тоа уште повеќе придонесува за чувството на неказнивост на кршењата на демократијата и на законското спроведување на демократските процеси, како што се изборите.

Новинарите и медиумите воопшто, се веќе неколку години ставени под силна политичка контрола, а независното новинарство е на постојан удар, на многу различни начини и речиси секојдневно. Социјалната изолација, па дури и насилство кон оние со критичко мислење, активисти или етнички групи ја поттикнуваат провладини новинари во рамки на постојани кампањи организирани од страна на власта.

Постојат сериозни тврдења дека полицијата и службите за внатрешно разузнавање се длабоко партизирани и се претворени во служби на владетелите, а цел им се опозицијата и сите луѓе и

организации со критички настроени мислења.

Владата е најголемиот работодавец во земјата. Администрацијата и сите други вработени кои се директно поврзани или засегнати со работата на администрацијата се под директна контрола и се задолжени да спроведуваат постојана и агресивна пропаганда, така заокружувајќи ја сликата на едно високо контролирано општество и систем. Оние комерцијални субјекти кои не се под директна контрола/влијание на владата се предмет на постојано следење и притисок од страна на финансиските институции и се соочуваат со сериозни потешкотии во случај на непочитување на политичките инструкции за вработување на партиски војници или друг начин на поддржување на владејачката партија.

Постојаната политичката кампања во која се нуди постојана изборна трка на инаку доста неинформирана публика е секојдневна рутина која се спроведува со години, а посебно е засилена од почетокот на 2012 година. Освен политичка одмазда, не постојат други јасни причини за објаснување на постојаната негативна кампања во медиумите против опозицијата која не престанува уште од претходните парламентарни избори.

## Рана кампања

Разните видови на изнуди, од ветувања за вработување, па сè до отпуштања на „непослушни“ работници се вообичаените практики кои се спроведуваат со години, а посебно добија на интензитет во неколкуте недели пред изборите.

Партиски војници внимателно го набљудуваа мислењето и ставот на луѓето во заедниците и реагираа на секој детаљ. Секое движење на опозицијата или независните кандидати на локалните нивоа беше предмет на жесток напад со цел да се дискредитираат или неутрализираат противниците, честопати со користење говор на омраза.

Манипулацијата и заканите со откази или со посети од финансиската полиција, стопирање на социјалната помош и здравствена заштита, злоупотребата на деца за партиски цели, посебно во училиштата, итн. се практики кои се забележани многу порано од официјалното започнување на изборната кампања. Сето тоа се засили во неколкуте недели пред официјалното започнување на изборната кампања.





Набљудувачите на Цивил известуваа дека скриената кампања започнала многу порано во прикриена форма на телефонски анкети. Овие „анкети“ во комбинација со теренските активности на партиските војници откриваа неопределени и разочарани гласачи. Ваквите анкети и теренски активности беа масивни и спроведувани низ цела држава, покренувајќи сериозно загрижување за безбедноста на личните податоци.

Како во лудило се градеа спортски сали, игралишта, пензионерски домови, улици и тротоари, како и споменици и други објекти за јавноста и се промовираа на речиси секој агол од државата, во очигледен изборен контекст. Големината на овие операции во кои на големо беа вклучени функционери од централната власт, државни и локални ресурси е шокантно масовна и зачестена. Неколку извештаи спомнуваат многукратно повторување на отворање на истиот објект, а преку ноќ се појавија и огромен број на споменици.

Јавните собири и настани, кои вклучуваат бесплатни оброци за присутните беа интензивирани во последните неколку месеци пред официјалното започнување на изборната кампања.

Уште од почетокот на годината, политичките партии ги користеа нивните канцеларии за постојано и интензивно водење кампања.

## Доминантни теми во кампањата

Изборите се вртеа околу политичката битка меѓу двете најголеми етнички македонски партии и, иако во помала мера, борбата за надмоќност на ДУИ во етничкиот албански сектор во македонското општество. Со исклучок на Скопје, каде прашањето за проектот „Скопје 2014“ имаше и локална и национална вредност, останатите прашања во кампањата беа национални, како нивоата на плати и пензии, цената на електричната енергија и сл.

Се чини дека децентрализацијата, којашто се движеше со брзина која е преголема за македонските институции да можат да фатат чекор, не успеала целосно да продре до мозоците на политичките партии и гласачи. Нејзината вредност е секако релативизирана во изминатите години, како централизација и концентрација на одлучувањето во една мала група на луѓе кои ја туркаат политичката децентрализација во доменот на фикцијата.

Во контекст на стапката на невработеност од повеќе од триесет проценти, не е никакво изненадување што луѓето гласаат главно

за оние кои се чини дека гарантираат приходи. Истото важи и за неколкуте независни кандидати кои се кандидираа за градоначалници.

Наспроти сето тоа, во кампањата доминираше дуелот меѓу двајцата лидери, по прашањето дали владата ги исполнила ветувањата, како и по прашањето за предвремените парламентарни избори. Игнорирањето на локалните проблеми и прашања од страна на високото лидерство на најголемите партии се материјализираше во постепената рецентрализација на одлучувањето, т.е. одбивањето да се пренесе вистинската моќ на одлучување на локално ниво.

Имајќи ја предвид партизацијата на администрацијата, локалните избори беа само еден чекор подалеку во зацврстувањето на концентрираната моќ во рацете на групата неколку избрани, на штета на плурализмот на мислења и концепти, исто така и во истата политичка партија. За групата на власт, изборите беа делумно вежба за интеграција, начин на издолжување на доминантната доктрина до секое можно ниво на администрацијата.

Сето тоа оди рака под рака со целосно прекумерната култура на микро управување и строга контрола од страна на централната влада/партии на власт, со што се произведува локална администрација и политичко претставништво кои се покорни и спремни за извршување на задачите кои им се дадени од страна на семоќното лидерство. Тоа вклучува учество во прилично софистицирано, а во некои наврати и јасна изборна измама, како што покажува овој извештај. Многу од техниките кои се применуваат за победа на изборите би биле невозможни без огромниот број на вработени во администрацијата да се само инструменти во рацете на политичките лидери и извршители на измамнички дејствија.

## Демографска интервенција: Пустец

Демографската интервенција е стара техника за обид да се менува дадена етничка или општествена ситуација. Реалноста е дека таквата интервенција речиси никогаш не успева. Во овој случај, жители на македонските села во општината Пустец, Албанија, беа најмени за да се изврши масовно гласање во скопската општина Центар. Причина беше тоа што опозицијата имаше големи шанси да победи и се закани дека ќе го стопира главниот проект на владата, односно преуредувањето на градскиот центар, кое стана познато



ИЗВЕШТАЈ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013, АНАЛИЗИ И ПРЕПОРАКИ

како „Скопје 2014“.

Техниката е објаснета погоре во извештајот. Доволно е да се каже дека оваа манипулација содржеше три главни елементи:

1. На жители на Пустец, кои наводно станале македонски државјани во изминатите неколку децении им беше дадена лажна скопска адреса и лични карти, на некои многу време пред изборите, а на некои само на неколку денови пред денот на гласање;
2. Обезбедена им беше логистичка помош, бидејќи инаку не би знаеле каде да гласаат;
3. Постојат тврдења дека цената за ваквото случување не е толку во паричниот хонорар што го добиле за оваа работа, колку за пристапот до бесплатно здравствено осигурување во Македонија.

Трите горенаведени точки ја покажуваат можноста за добро смислена и спроведена операција, во чие спроведување законите се прекршени на неколку наврати.

ЦИВИЛ доби пријави за жители од Пустец со долготрајно законско престојувалиште во Македонија, што автоматски опфаќа поседување на важечка лична карта во општината каде им е престојувалиште, кои се фалеле дека добиле втора лична карта од Скопје. Доколку се потврди дека тоа е точно, истото би преставувало сериозен прекршок, којшто може да се спроведе единствено од страна на властите кои се надлежни за издавање на документи за лична идентификација, т.е. Министерството за внатрешни работи и нивните подрачни служби. ЦИВИЛ дефинитивно ќе остане заангажиран на испитување на ова прашање.

На крај, оваа шокантно добро смислена операција не се покажа доволна за пресвртување на гласовите во центарот на главниот град. Всушност, многу е веројатно дека го имаше токму спротивниот ефект и придонесе за мобилизација на високиот број на неопределени гласачи во корист на опозицијата. Она што е тука релевантно е сепак, долгорочната димензија и софистицираната логистика со која беше сето тоа спроведено. Тоа зборува или за голема генијалност или пак за високите нивоа на криминална енергија, а можеби и обете.

Степенот во кој државните институции се искористуваа за партиски цели, степенот во кој лидерството на владејачката партија ги присвојува државните институции треба целосно да се испита. Наводите се доста сериозни и не мора да се напише во ваков извештај дека постапка по службена должност на државното обвинителство е законска должност.

# Структурно насилство

Долга е листата на неправилности што ги регистрира ЦИВИЛ, како што се гласањето за друг, семејното гласање, разните обиди за започнување на т.н. „Бугарски воз“ - некои успешно, заплашувањето на членовите на избирачките комисии, неовластеното присуство на членови на политички партии во и околу избирачките места, можеа да се видат како повторливи елементи на македонскиот изборен обичај. И покрај тоа што истите претставуваат прекршоци, нивната појава, односно одбивањето да исчезнат може да се протолкува како директен резултат на општото ниво на политичка култура во земјата.

Како и да е, она што е зголемено е нивото на структурно насилство во овие избори, тренд што се забележува веќе неколку изборни циклуси. Притисокот врз вработените во администрацијата и во претпријатијата во државна или приватна сопственост да обезбедат гласачи беше повисок од кога било, а контролните механизми беа редефинирани. Притисокот врз маргинализираните и ранливи општествени групи беше зголемен, а пријавени се и неколку примери на директни закани. Категоризацијата на граѓани на „лојални“, „индиферентни“ и „нелојални“ достигна досега невидени димензии. Присуството на партиски лојални припадници пред избирачките места за идентификување на гласачите и нивно пречкртување од листите што ги имаат е практика што е значително зголемена. Сигналот е јасен: не сте сами, ве следиме, ве контролираме, бидете послушни.

Користењето на таквите методи на заплашување и манипулација носи потпис на политичката структура која е единствено заинтересирана за спроведување на моќ и контрола, па ако треба и на штета на демократијата. Оваа злоупотреба на државни средства и отсуството на разликувањето меѓу партијата и државата се карактеристики на антидемократско однесување.

Причините зошто ова однесување се толерира се разновидни: едно заради политичката култура во земјата која што е сè уште на многу ниско ниво, а му парира на нивото на образование. Второ, образовниот систем и традиционалните вредности на општеството фаворизираат покорно однесување наспроти критичко мислење. Трето, и веројатно најважно, е тоа што нивото на зависност на





луѓето од центрите на моќ се зголемило во контекст на економската стагнација. Групите на моќ ја редефинираа мрежата на непотизам и клиентелизам на нивоа што се досега непознати во скорешната историја на земјата.

Веќе неколку последователни изборни циклуси е повеќе од очигледно дека традиционалните методи на избирачко образование и спречување на изборни измами не донесе поефикасен изборен систем. Можеби е време да се размислува за нови пристапи и низа нови законски инцијативи.

# БЕСКРУ-ПУЛОЗ-НА БОР-БА ЗА ВЛАСТ

ИЗВЕШТАИ

БЕСКРУПУЛОЗНА БОРБА ЗА ВЛАСТ

ИЗВЕШТАЈ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013, АНАЛИЗИ И ПРЕПОРАКИ

# Агресивни и нападни кампањи

Официјалниот период на кампања започна на 4 март, иако според политичкиот договор, датумот за поднесување на кандидатските листи од страна на опозицијата беше одложен за 8 март. Ова е само една од многуте недоследности во регулативите што се должи на избрзани одлуки и немање волја и/или капацитет за правилно имплементирање на политичките одлуки во правната рамка.

Во првите денови од официјалната кампања, набљудувачките тимови на „Цивил“ известуваа за „валкана и нечесна кампања“. Во продолжение е направен избор на настани и практики кои се надеваме ќе го отсликаат стилот на кампањата во текот на овој изборен процес, а кои може да се квалификуваат како особено агресивни и нападни.

Вечерта по постигнувањето на политичкиот договор меѓу опозицијата и владината коалиција со посредство на дипломати од ЕУ, низ целата земја беше дистрибуирана публикација под наслов „100 најголеми промашувања на СДСМ“ изработена на скапа и висококвалитетна хартија.Очигледно, публикацијата била подготвено однапред, во случај опозицијата предводена од СДСМ да одлучи да влезе во изборната трка. И покрај законската обврска да се наведе издавачот на публикацијата, таа не содржеше такви податоци, иако очигледно тоа беше потег дилигиран од владејачката партија. Овој вид валкана кампања продолжи во текот на целиот процес.

Ваквото водење на кампања ја достигна својата кулминација на денот на прегласувањето на 21 април во општина Центар каде што големо количество летоци со лого на опозицискиот кандидат осамнаа на улиците и во поштенските сандачиња, во коишто се тврдеше дека изборите ќе се одржат една недела подоцна и во кои граѓаните беа повикани да не излегуваат на гласање тој ден.

На почетокот од месец март, партиите од коалицијата предводена од СДСМ беа сè уште преокупирани со меѓупартиски препирки за составувањето на листите. Во меѓувреме, партиите од владејачката коалиција и опозиционите партии на Албанците беа длабоко навлезени во кампањата. Тие организираа масовни партиски конвенции и јавни собири на кои ги промовираа своите кандидати

за градоначалници. Присуството на високи владини претставници, а во неколку прилики и на високи религиозни структури, беше секојдневна појава.

Без разлика колку е мала општината, премиерот, сите министри и нивните заменици, полициските началници и други политички и владини фигури, како и православните свештеници, излегоа во поддршка на кандидатите на доброорганизираните и скапи локални собири.

Владини проекти беа промовирани сред кампањата за локална власт и беа презентирани како успеси на политичката партија на власт.

Во повеќето од приликите кампањата се спушти на лично ниво, особено со нападите од страна на владејачката партија насочени кон личноста и политичката кариера на лидерот на опозицијата Бранко Црвенковски.Нападите врз лидерот на опозицијата беа лични, директни и непристојни на начин досега невиден на македонската политичка сцена.Иако насочени лично против лидерот на опозицијата, тие беа всушност обид да се дискредитира целата опозиција. На терен, оние што не беа на страна на владејачката партија беа етикетирани како предавници и шпиони.

На 1 март „Цивил“ организираше конференција за политичка култура и дијалог на која беа поканети сите политички партии.Само мал број опозициски партии дадоа свој придонес, како и одреден број претставници на граѓанското општество и на националните и меѓународните набљудувачки мисии.

Ване Цветанов, функционер во опозициската ВМРО-НП, поранешен функционер во владејачката ВМРО-ДПМНЕ и поранешен Директор на државната Управа за спречување на перење пари и финансирање тероризам го разобличи методот користен во претходните изборни процеси од страна на членовите од неговата поранешна партија. Исто така, тој ги увери присутните и целата јавност дека тие практики се добро утврдени и дека се дел и од овој изборен процес. Помеѓу другото, Цветанов тврдеше дека: „Три дена пред изборите им се пристапува на сите должници и им се дава предлог да се раскине долгот, а за противуслуга да гласаат за ДПМНЕ.За крај, кај најсиромашните семејства состојбата се бетонира со делење на пари, од 10 па до 100 евра по глас.

Два дена пред изборите, ДПМНЕ ја има табелата на сигурни гласачи со 98% на точност.

После сиве овие недемократски и противзаконски операции, и цело ОБСЕ да дојде во Македонија на денот на изборите нема да





констатира проблеми, затоа што власта многу одамна, со најсурови методи, со закани, уцени или купување си ги обезбедила потребните гласови“.

Извештаите на набљудувачките тимови на „Цивил“ и бројните повици и пријави од граѓани во текот на целиот изборен процес во голема мера ги потврдија овие предупредувања и наводи.

# Изборен притисок

Цела низа најразлични форми на притисок, закани, уцени и заплашување беа присутни во текот на целиот изборен процес, како што беше забележано и од набљудувачките тимови на „Цивил“ во периодот од крајот на декември 2012 година до средината на мај 2013 година.

Во агитирањето и притисокот врз граѓаните беа вклучени извршители. Според наводите, извршителите селективно постапувале по судските налози за наплата на неплатени парични казни. Според еден од извештаите, во општината Шуто Оризари, на Самка Ибраимовски, функционер од ПЦЕР (Партија за целосна еманципација на Ромите) и пратеник во собранието, му бил конфискуван имот заради неговата политичка ориентација, односно поддршката на опозицијата.

Во голем број општини граѓаните обвинуваа за разни форми на притисок и сеење страв. Според нив, луѓето биле контролирани на најразлични начини, почнувајќи од нивната комуникација, па сè до нивно следење од страна на партиски војници.Такви наводи беа нотирани во повеќето општини на Градот Скопје, во општините Прилеп, Тетово, Јегуновце, Гевгелија, Велес и други.

Без оглед на фактот дека овој страв може да е неоснован, самата помисла дека човек е набљудуван е симптоматична и зборува за успешниот обид за создавање општа атмосфера на притисок и контрола.

Во општините Маврово и Ростуше, притисок бил вршен врз корисниците на стипендии за студирање на Универзитетот ФОН да бидат активни во текот на кампањата и да агитираат за ПЕИ (Партија за европска интеграција). На национално ниво оваа партија беше во опозиција, но имаше неформален договор со ДУИ на локално ниво, во замена за поддршка во Струга.

Главната опозициска партија СДСМ обвини за малтретирање

на нивни членови кои се вработени во јавните институции и на локално и на централно ниво.

Според одредени наводи, членови на ВМРО-ДПМНЕ од Радовиш кои биле на раководни функции во центрите за социјална работа, во фондот за пензиско и здравствено осигурување и во центарот за вработување им се заканувале на корисниците на нивните услуги дека ќе престанат да ги добиваат истите доколку не гласаат за ВМРО-ДПМНЕ.

До набљудувачките тимови на „Цивил“ стигнаа пријави од граѓани коишто сакаа да останат анонимни, според кои во општина Велес, претставници на ВМРО-ДПМНЕ составиле листа на „сигурни“ компании и трговски субјекти на кои им било ветено дека нема да бидат посетени од финансиска полиција во следниве четири години во замена за нивната поддршка и нивните гласови.

Една пицерија во Гевгелија била затворена и ѝ била изречена парична казна во висина од 3.000 евра затоа што била домаќин на активисти на опозицијата, се дознава од изјавата на еден од вработените во пицеријата.На 19 март во Јегуновце при инспекциски надзор била затворена мензата на фабриката Југохром во сопственост на член на СДСМ. Наводно, еден новоотворен кафе-бар во Јегуновце бил казнет со парична казна во износ од 1.000 евра, затоа што сопственикот бил виден како присуствува на митинг на опозицијата.Тоа прераснало во инцидент заради кој морало да интервенираат специјални единици.

Според одредени наводи, во селото Требиште (Маврово и Ростуше), локални функционери на ВМРО-ДПМНЕ извршиле притисок врз локален бизнисмен да им обезбеди 50 гласови, во спротивно неговиот бизнис би бил затворен, а неговиот деловен објект би бил срушен како дивоградба.

Според извор од ДПА, на 21 март кандидатите за општински советници од ДУИ извршиле притисок врз социјалните случаи во селата во регионот на Тетово да гласаат за ДУИ (во некои од селата населението од социјално ранливите категории достигнува бројка и од 80%).

Според наводите на граѓани, кандидатите на ВМРО-ДПМНЕ во Велес и во Берово оделе од врата до врата и им се заканувале на луѓето дека ќе ја загубат социјалната помош доколку не гласаат за нивната партија.

Според добиените телефонски повици и наводите што им биле презентирани на набљудувачките тимови на „Цивил“, активисти на ВМРО-ДПМНЕ во Берово се заканувале дека ќе биде прекинато





водоснабдувањето на ромските семејства доколку не гласаат за нивната партија.

Во пријавите добиени за општините Кратово, Штип, Радовиш и Центар (Скопје) се тврди дека центрите за социјални работи им се заканувале на корисниците на социјална помош дека истата ќе им ја укинат доколку не гласаат за владејачката партија.

# Купување гласови

Генерално, купувањето гласови беше присутно насекаде и во разни форми и размери. „Цивил“ има уште подетални податоци и информации за тоа како се купуваа гласови преку разни форми на злоупотреба на институциите и институционалната моќ. Наводите и пријавите беа нотирани од набљудувачките тимови на „Цивил“ во стотици извештаи. Купувањето гласови се вршеше на најразличен начин. Бесплатно се издаваа лични карти, доцнењето на државната помош беше намерно, затворските казни беа скратувани, им се нудеше ослободување од плаќање на глоби за сообраќајни и други прекршоци, потоа пари, храна, облека, земјоделски производи и други добра, беа плаќани сметките за комуналии и сметките во продавниците во замена за гласови.

Купувањето гласови е добро утврдена практика на политичките партии и е присутна во сите изборни процеси во земјата досега. Овие избори не беа исклучок.

Набљудувачите на „Цивил“ забележаа дека делењето храна и други производи е масовно присутно. Вреќи со брашно (до 25 килограми), хигиенски производи и облека им беа делени на сиромашните граѓани во земјата, особено во ромските маала.

По селата во многу општини, активистите на владејачката ВМРО-ДПМНЕ делеле храна и земјоделски репроматеријали.

Во деновите пред првиот круг од изборите, на ромските и на сиромашните семејства во Велес и во Кратово им биле делени огревно дрво и масло за јадење.

Во Гевгелија, од три камиони полни со производи (храна, брашно и масло за јадење) им се делело храна на „неопределени“ гласачи во последните 72 часа пред денот на изборите.

Во голем број случаи се евидентирани посебни форми на купување гласови во комбинација со искористување на државни ресурси. На пример, пензионерите добија три бесплатни бањски

третмани. Посериозна злоупотреба беше случајот во кој, според извештајот од терен, на затворениците им се нудело намалување на затворската казна што ја издржувале во затворот во Тетово. Според извештаите на набљудувачките тимови на „Цивил“, во неколку општини во источниот дел на земјата центрите за социјални работи издавале потврди со кои лицата на кои тие им се издадени се иземаат од плаќање на какви било надоместоци за здравствена услуга.

Институциите беа користени како средство за купување гласови на најразличен начин. Еве уште неколку примери:

Постојат наводи дека на 35 гласачи од ромска националност од Виница им било ветено дека бесплатно ќе добијат лична карта во замена за нивниот глас за ВМРО-ДПМНЕ.

Владата користеше хеликоптер за да го посети струмичкиот регион за време на поплавите во февруари, но ветувањата за обештетување беа исполнети само неколку дена пред изборите (еден месец подоцна). Наводно, надоместокот за штета се нудел селективно, на „сигурни“ гласачи на ВМРО-ДПМНЕ, укажувајќи им така на останатите која е цената што треба да ја платат за да добијат помош. На 21 март, советот на општина Велес одржал итна седница за утврдување надомест за штета за семејствата што претрпеле материјални загуби за време на поплавите, и повторно, тоа е за „сигурните“ гласачи на ВМРО-ДПМНЕ.

Според извештаите од терен, исклучок од оваа практика не беа ниту опозициските кандидати. Наводно, Зоран Дамјановски, тогашниот актуелен градоначалник на Куманово и кандидат за уште еден мандат, направил ист таков гест. Тој на сите фудбалски клубови во општината им подарил спортска опрема од марката „Најк“. Општинскиот огранок на ВМРО-ДПМНЕ во Кочани пријавил во полиција дека СДСМ им нуди пари на гласачите. Случајот бил евидентиран од страна на полицијата. Нема исход од истиот.

Според тврдења на граѓани кои контактираа со набљудувачи на „Цивил“, во деновите пред денот на изборите, вклучително за време на предизборниот молк, поранешниот градоначалник на Тетово (ДПА) извршил авансни плаќања за техничките потреби на населбите, барајќи ги нивните гласови за возврат. Во Гостивар сите поголеми политички партии делеле храна и им ги плаќале комуналните сметки (електрична енергија, вода, итн.) на сиромашните семејства.

И на денот на изборите, 24 март, купувањето гласови беше насекаде присутно. Имаше информации за делење пари, храна и други производи во Прилеп (особено во населбата Варош). Цената за еден глас во Битола се движела меѓу 300 и 500 денари наутро, но постепено се зголемувала како што одминувал денот. Во Кратово биле забележани камиони од кои се делеле производи за сиромашните семејства.

Во Ресен, на 23 март и на 24 март, за време на предизборниот молк и за денот на изборите, активисти на ВМРО-ДПМНЕ нуделе пари на членови на помали етнички заедници во општината (Албанци, Турци, Роми, Египќани). Цената за еден глас се движела меѓу 200 и 3.000 денари.

Во Пласница кандидатот на ДУИ нудел до 6.000 денари на гласачи вечерта пред денот на изборите. ДУИ ветувал пари и вработувања на гласачи во општината Чаир на денот пред изборите.

Според набљудувачите на „Цивил“, на денот на изборите во Кичево и во неколку други општини, активисти на ВМРО-ДПМНЕ ги плаќале долговите што ромските семејства ги имале во малите продавници. Во општината Липково, наводно, и ДУИ и ДПА нуделе пари на гласачи на денот на изборите. На денот на изборите била делена храна во Крива Паланка.

Во Вевчани, во близина на општинската зграда каде што се одвивало гласањето, братот на кандидатот за градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ поставил штанд на којшто бесплатно им делел скара на гласачите. Подоцна, „Цивил“ дозна дека градежната компанија која што ја изградила Портата Вевчани за време на изборната кампања, исто така, користена како алатка во кампањата за „обележување на територијата“, за покажување на ефикасност во градежништвото и поттикнување на туризам во општината, е во сопственост на семејството на кандидатот за градоначалник. Портата беше особено спорна меѓу населението од муслиманска вероисповед во општината.

Според информации до кои дојдоа набљудувачите на „Цивил“, во охридската населба Пештани, активисти на ВМРО-ДПМНЕ собирале лични карти на граѓани за да ги евидентираат во своите листи на „сигурни“ гласачи“и нуделе пари на гласачи за време на предизборниот молк. На денот на изборите во општина Дојран на гласачите им се делело шеќер, брашно и пари. Слична ситуација е забележана и во Виница: вечерта во пресрет на денот на изборите, на гласачите им било делено брашно, храна, масло за јадење, огревно дрво и пари. Постојано низ Виница кружеле службени возила на државната и локалната власт.

Во Штип, ромските гласачи се советувале едни со други „да не

гласаат за оние што не плаќаат". Не беше јасно кој плаќа, а кој не плаќа, но стана јасно дека купувањето гласови е присутно.

Исто така, дознавме дека во селото Баница, општина Струмица, активисти на ВМРО-ДПМНЕ на гласачите им нуделе меѓу 1.200 и 6.000 денари. На денот на изборите, производи во вредност меѓу 1.000 и 3.000 денари им биле делени на лицата од ромската популација во Тетово од страна на ДУИ и ДПА. Наводно, околу 100 лица ја прифатиле оваа понуда.

За време на предизборниот молк во Кавадарци на гласачи им биле плаќани сметките за струја и им било плаќано до 200 евра по семејство и било делено огревно дрво. Во истиот град, 30.000 денари ѝ биле однапред дадени на една локална продавница за „да ги најаде и напие" гласачите, како што изјави лицето што платило, за кое се верува дека е активист на ВМРО-ДПМНЕ.

## Насилничко однесување

За разлика од широкораспространетото структурно насилство и поистоветувањето на државата и партијата, користењето на физичко и вооружено насилство беше повеќе спорадично. Сепак, набљудувачите на „Цивил" и организациите-партнери евидентираа одреден број инциденти. Во продолжение направивме избор на некои од нив.

На 19 јануари, градоначалникот на Карбинци физички нападнал еден млад човек - поддржувач на опозициската СДСМ. Кога жртвата го пријави инцидентот во полиција, градоначалникот во црква јавно се заколна дека никогаш не го нападнал тоа лице. Медиумите го пренесоа јавното отфрлање на обвинувањето. Еден полициски службеник, наводно, извршил притисок врз жртвата да ги повлече обвинувањата. Без оглед на тоа колку е апсурдна оваа ситуација, таа го отсликува нивото на политичка култура и употребата на религијата како алатка за убедување.

Според кажувања на граѓани и на набљудувачите на „Цивил", активисти на опозицијата биле нападнати од активисти на ВМРО-ДПМНЕ и обратно, во повеќе од 20 наврати низ целата земја, но без посериозни последици. Повеќето од овие помали инциденти не беа пријавени во полиција.

Во февруари, комунални работници од спротивставени политички партии имале физичка пресметка во Тетово.



ИЗВЕШТАЈ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013, АНАЛИЗИ И ПРЕПОРАКИ

И во месец март беа евидентирани неколку инциденти. Избила тепачка меѓу посетители на еден ноќен клуб во Ресен, наводно меѓу поддржувачи на СДСМ и поддржувачи на независниот кандидат Димитар Бузлевски (поранешен член на СДСМ). Во Кочани, еден кандидат за советник од СДСМ нападнал поддржувач на ВМРО-ДПМНЕ. Во Гевгелија, група поддржувачи на ВМРО-ДПМНЕ предводена од шефот на општинскиот комитет на партијата нападнале еден поддржувач на СДСМ кој бил сам.

На 16 март, во ноќниот клуб „Мистик" во Штип, избила тепачка меѓу поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ и оние на СДСМ. Наводно во тепачката биле вклучени синот на лидерот на опозицијата, Бранко Црвенковски, и еден локален бизнисмен - поддржувач на опозицијата. Автобусите на партијата Национална Демократска Преродба биле каменувани во Скопје враќајќи се назад од партиска конвенција на 2 март.

Според набљудувачите на „Цивил", изборните штабови на скоро сите политички партии на повеќе од 30 локации низ земјата беа оштетени или демолирани.

Бучавата и нарушувањето на јавниот ред и мир, вклучително и парадирање и свирење со сирени на автомобилите, беа неизоставен дел од митинзите на политичките партии насекаде. Некои граѓани се пожалија на бучавата и на нечистотијата што партиите ја оставаат зад себе во текот на кампањата.

## Користење оружје

Користењето оружје беше спорадично и тоа главно се користеше за славеничко пукање.И покрај тоа што Законот за оружје строго забранува славеничко пукање, тоа останува како навика што се провлекува. Славеничко пукање беше забележано во повеќе од 50 наврати, вклучително во неколку општини во Скопје, потоа во Куманово, Кичево, Ресен, Тетово итн.

Наводно цивили, но и полициски службеници во Ресен го користеле своето службено оружје за славеничко пукање вечерта по завршувањето на првиот круг од изборите.

Сè уште останува отворено прашањето за поседувањето на оружје од страна на приватни агенции за обезбедување и за начинот на кој тие го користат оружјето во изборните кампањи.Ова е особено важно прашање, со оглед на блиските врски меѓу партиите и

приватните агенции за обезбедување во земјата.

## Владините инвестиции - инструменти на кампањата

**„Целата земја е претворена во градилиште“, вообичаена забелешка на граѓаните во земјата**

Премиерот и високите владини претставници кои секаде ги поддржаа кандидатите на владејачката партија појаснија во јавните настапи и говори дека Владата ќе продолжи со градежните работи и инвестициите во општините во коишто ќе победат нивните кандидати.Со други зборови, доколку луѓето сакаат да се отворат работни места и да се донесат инвестиции во нивните општини, треба да гласаат за кандидатот на владејачката партија. Во спротивно, да заборават на тоа.Ова размислување беше дел и од ставот на теренските активисти на владејачката партија.

Градежните работи главно се изведуваа во име на Владата, односно на владејачките партии во блиска соработка со локалните управи од истата партија/истите партии.

„Лопатите“ и „сечењето ленти“ се широко распространети изрази кај настаните кои означуваат почеток на градежни работи за улици и тротоари, спосртски сали, училишта, кружни текови и многу други јавни места и објекит кои (главно) се финансирани или кофинансирани од Владата.

Со приближувањето на датумот на изборите зачестија и овие настани.И покрај обидите за регистрирање на севкупните градежни активности во текот на изборниот процес, тимовите за мониторинг и аналитичарите на Цивил се пожалија дека не можеле да се информираат за настаните поради тоа што биле во огромен број.

Имаше и комични ситуации.За овој извештај избравме две. Функционерите од ВМРО-ДПМНЕ, со поддршка од јавното претпријатие „Штипион“, повторно дадоа ветување за децениските проект за изградба на 86 бараки за ромските семејства во Штип.Во селото Долни Челопек ДУИ, партнерот во владината коалиција, во првата половина на март одново ја започна изградбата на основното училиште која започна во 2011 година, но веднаш беше прекината.

Во средината на март започна обнова на две градинки во





општината Аеродром (Скопје) која траеше до денот на изборите и потоа продолжи.

ВМРО-ДПМНЕ и одреден број граѓани се пожалија на градежните активности на градоначалникот на Тетово (ДПА) во последните денови пред изборите, кој, според наводите, не сторил ништо во четиригодишниот мандат.

Секаде низ земјата се поплочуваа тротоари, се поправаа или обновуваа улици и локални патишта - од селца до градови и градски центри.Имаше обемни градежни работи кои често го попречуваа сообраќајот.Јавниот простор се украсуваше главно со засадување трева и цвеќиња и поставување украсни огради.

Особено контроверзниот и скап проект „Скопје 2014“ продолжи да се одвива деноноќно, во работни денови, за викенди и национални празници.Ноќта по денот на изборите на 7 април во центарот на Скопје беа поставени зачудувачки 36 скулптури и споменици.

## Изборни вработувања

Вработувањата и отпуштањата во огромен степен се користеле како алатка за да се убедат луѓето да гласаат за една или друга опција од изборната конкуренција. Доставуваме дел од извештаите и наводите собрани од тимовите за мониторинг низ земјата. Работните места, независно дали како ветување за нивно добивање или губење, биле чест аргумент на властодршците на локално, па дури и на централно ниво.

Од повеќето кои биле изложени на ваква манипулација и/или закана навеле дека работодавачите (локални или државни институции и партиски претставници, но и сопственици на приватни фирми блиски до еден од властодршците) било барано да обезбедат одреден број гласови. Требало да подготват т.н. „гарантни листи“ на гласачи во полза на партијата на власт, кои требало да ги најдат.

Владата и општинските власти отвориле многу работни места во последните два месеци со цел да си ги зголемат популарноста и шансите за победа на локалните избори. Таков е примерот со општината Велес во која на почетокот на март имаше вработувања во јавните претпријатија и администрацијата. Во Кавадарци на лица на над 55-годишна возраст им било ветено вработување во замена за глас.

Постојат наводи и за вмешување на владејачката партија во

трговскиот сектор. Рудникот „Тораница“ во Крива Паланка добил листа со активисти на владејачката партија кои раководството на рудникот требало да ги вработи од 1. март како дел од изборните ветувања за вработување.

Во Охрид, Струга, Карпош, Штип, Ресен, Куманово и други општини се забележани отпуштања или закани за отпуштање на оние кои одбивале да гласаат за владејачката партија на локално или централно ниво. Регистриран е случај во Струга каде што член на ДПА веднаш бил отпуштен бидејќи не гласал за ДУИ. Постојат наводи дека градоначалникот на општина Карпош во Скопје, Стевчо Јакимовски, отпуштил два адвокати и деградирал други или ги лишил од службените комуникациски алатки (телефони, компјутери) откако се оддели од СДСМ и реши да се бори како независен кандидат за градоначалник.

На 12 март пратеничката Весна Бендевска од СДСМ обвини за манипулации со вработувања во битолските јавни институции. Тимовите за мониторинг на Цивил во Новаци и Могила (општина во Битола) дојдоа до наводи за притисок врз работниците на РЕК Битола да гласаат за ВМРО-ДПМНЕ. Во спротивно, ќе ги изгубеле работните места.

Граѓани од општината Јегуновце изјавија дека вработените во фабриката „Југохром“ биле под огромен притисок.Раководството на фабриката и активисти на ВМРО-ДПМНЕ ги посетиле дома за да им појаснат дека ќе ги изгубеле работните места доколку владејачката опција не ја задржела локалната власт.

# Спорни одлуки

Изборниот процес беше проследен со сериозни институционални пропусти како резултат на политички и партиски притисоци. Спорна е работата на најрелевантни институции - Државната изборна комисија и Управниот суд.Одлуките на овие две институции очигледно се засновани на партиски и етнички интереси и во одреден број случаи го занемаруваат владеењето на правото. Отфрлени се речиси сите приговори за нерегуларности поднесени од опозицијата, додека, пак, повеќето приговори од владејачката партија се одобрени, независно од релевантноста на приговороите на едната или другата страна.Се смета дека овие две институции придонесоа за победата на владејачката партија во општините во





коишто опозицијата беше во предност во првиот изборен круг.

На сличен начин решенијата на ДИК и одлуките на Управниот суд во случаите со општините Кичево и Струга ги разгореа веќе потпалените етнички тензии.Имаше политички маневри и нејасни потези во правната рамка за да се добие етничка доминација. ДИК и Управниот суд дозволија постоење на неочекувани коалиции од етничко македонско потекло во Кичево и Струга во очигледен обид за доминација над кандидатите од етничко албанско потекло и покрај решението на општинските изборни комисии. Партиите од етничко македонско потекло, СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, поттикнати од етнички мотиви, го надминаа жестокото политичко соперништво и се согласија да имаат заеднички кандидати за градоначалници и заеднички листи за советници. Со заобиколување на правната рамка и начелата двете гореспоменати институции придонесоа за понатамошно пропаѓање на политичката култура и губење на граѓанската доверба во изборните институции, како и во судството. Се воведе деликатен преседан со што се зајакна доминацијата на политичкиот над правниот домен и на тој начин се додаде автократска нишка во изборниот систем кој и онака веќе разнишан.

# Злоупотреба на јавната администрација и ресурси

Имаше огромна злоупотреба на јавната администрација и јавните ресурси.Невозможно е да се наведат сите случаи и облици на оваа злоупотреба.Следните забелешки се дел од обемниот материјал што го добивме од набљудувачите на Цивил за злоупотребата на јавната администрација и јавните ресурси.

Од почетокот на февруари активистите на ВМРО-ДПМНЕ вработени во јавната администрација на локално ниво отворено агитирале во полза на својата партија сметајќи го тоа за вообичаено однесување [многу извештаи од речиси сите општини во земјата]. Имале задача да состават листи на „сигурни“ гласачи (десет или повеќе гласачи).Биле координирани, инструирани и контролирани од раководителите во институциите каде што работат.

Вработените во јавната администрација биле масовно вклучени во активизам преку интернет и телефонски кампањи.

Според наводите во извештаите од многу општини, почнувајќи

од март дел од вработените во јавната администрација не оделе на работа.Наместо тоа работеле во изборните канцелари во текот на работното време.Останатите ги користеле канцелариите и работните места за водење кампањски активности во полза на владејачката партија во својата општина или во полза на владејачката коалиција на централно ниво.Користеле службебни мобилни телефони за праќање пораки на гласачи, возила за разнесување партиски материјали.Во полза на владејачката партија на локално и централно ниво се употребувале и други јавни објекти и ресурси.Ресурсите за партиски цели ги користеле и неовластени лица.

Лекарите агитирале кај пациентите, професорите кај учениците и нивните родители, социјалните работници кај корисниците на социјална помош.

Неопределените гласачи биле под особено висок притисок. Дознавме дека некои вработени во јавната администрација се карале за неопределените гласачи, за тоа кој ќе биде на листите со „сигурни“ гласачи кои биле принудени да ги достават до надредените.

Веб-локациите на општините во кои градоначалниците се кандидирале за нов мандат се претвориле во ресурси за кампања.

СДСМ навела дека ВМРО-ДПМНЕ ги користи јавните објекти за партиски состаноци.

Има неколку наводи за тоа дека Владата со јавни финансии го плаќала превозот на голем број поддржувачи на јавните собири во земјата.

На екраните во државните автобуси во Скопје се прикажувале говори на премиерот Груевски.

Шефовите на полиција и полициските службеници отворено агитирале во Зрновци, Зелениково, Тетово, Гостивар, Охрид и многу други места.

Градоначалникот и кандидат за општината Арачиново изјавил дека тој и неговите поддржувачи биле под огромен притисок од партнерот во владината коалиција, ДУИ и од администрацијата.





# Независни кандидати

Според нашите извештаи, независните кандидати беа под силен притисок од владејачката и поголемите опозициски партии (на пример,Бастри Бајрами), особено оние од опозицијата кои решија да се кандидираат пред да повлече одлуката за бојкотирање на изборите (Стевчо Јакимовски во Карпош, Димитар Бузлевски во Ресен).

# Злоупотреба на малолетници

Персоналот од јавната администрација беше обврзан да присуствува на митинзите на ВМРО-ДПМНЕ во текот на, и по, нивното работно време. Доколку не можеле да присуствуваат, истите морале да најдат лице кое ќе ги замени; во спротивно се соочувале со отпуштање од работа. Нашите набљудувачи и одреден број на граѓани го информираа Цивил за таквото однесување од страна на ВМРО-ДПМНЕ.

Учесниците на партиските митинзи добивале 500-1000 МКД во готовина за да присуствуваат на овие настани. Финансиските извори за овие исплати остануваат да бидат нејасни.

Малолетници неселективно се користеле во текот на кампањата. Тие дистрибуирале партиски материјали за кампањата, поставувале партиски знамиња во училиштата и на други јавни места, посетувале митинзи, и му помагале на персоналот во просториите определени за кампањата на политичките партии. Во голем број од партиските канцеларии се забележани субстандардни услови; истите биле студени, без воздух, луѓето често пушеле внатре – што дефинитивно не е место за малолетници.

Учениците од основните и средните училишта од целата земја беа ослободувани од часови неколку дена за да можат со организираните автобуски тури да дојдат и да присуствуваат на партиските митинзи и собири. Наставниците и директорите беа одговорни за ваквите „екскурзии“.

Кандидатите на ВМРО-ДПМНЕ и владините службеници ги посетуваа училиштата за време на часовите за да вршат агитација меѓу учениците. Училишните автобуси беа означени со постери од

владеачката партија. Телефонските броеви од учениците, земени од документите за регистрација на учениците, беа користени за агитација кај нивните родители.

# Меѓуетнички односи

Етничките односи имаа важна улога во овој изборен процес. Гласањето повторно, како и на претходните избори, беше издигнато на ниво на национална чест и обврска на двете страни, Македонците и Албанците.

Ова беа првите локални избори во ново дизајнираната општина Кичево. Во двата круга, илјадници македонски Албанци кои живеат во странство дојдоа за да се осигурат дека Кичево ќе добие албански градоначалник. Владината администрација одговори со голем број опструкции. Според извор од владината администрација кој разговараше со Цивил, во одреден број случаи, летови со етнички Албанци беа запирани и нивното слетување не беше одобрувано. Според истиот извор, во времето на пристигнување на авионите со „дијаспората“, имаше информации за две лажни закани со бомба на скопскиот аеродром.

Избраниот градоначалник, претставник на владеачката ДУИ и поранешен виш член на ОНА, направи сè за да го искористи овој бран на национален занес. Од „другата“ страна, ВМРО-ДПМНЕ со својот водач и Премиер на државата, водеше остра кампања со силна националистичка карактеристика.

Во Струга, прашањето за албанската национална кауза беше да се задржи општината по секоја цена. Поради оваа причина, ДУИ и другите помали партии ја поддржаа ДПА, откако сфатија дека ќе ја загубат власта во оваа општина.

Тимот на водачот на партијата ВМРО-ДПМНЕ и премиерот Груевски вештачки направи коалиција со својот ривал СДСМ, предложија по еден кандидат и заеднички советнички листи во двете општини. Двете партии, но особено владеачката, се обидоа да го минимизираат прашањето и да го продадат на јавноста како прашање на демократска зрелост. Македонската етничка коалиција не успеа да обезбеди градоначалничко место во двете општини.

Оваа епизода креираше уште еден преседан и уште еднаш ги откри недостатоците на македонскиот, де факто би-национален политички систем, во кој е нормално етничкиот аспект да го диктира



ИЗВЕШТАЈ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013, АНАЛИЗИ И ПРЕПОРАКИ

политичкото однесување, повеќе отколку идеологијата. Ако ги има, идеолошките разлики се оспорени во рамките на границите на етничката група, а дисциплината на етничката група преовладува во ривалство со „другиот“. Со други зборови, претпоставената превалентност на етничката група преовладува над кои било идеолошки разлики. Оваа тенденција, колку и да ги осигурува правата на групата, и штети на индивидуалната слобода на избор и тој/таа ги изложува на голем притисок од групата.

Законски независни институции беа ставени под голем политички притисок и инструментализирани за да се постигнат предвидените резултати. Во овој конкретен случај, општинските изборни комисии во Кичево и Струга првично гласаа против формирањето на етнички листи, но овие одлуки беа отфрлени од страна на управниот суд и ДИК, со што се придонесе кон правна конфузија и нова загуба на независноста на правосудството.

Локалните избори не треба да бидат за етничката превалентност, туку за нудење на најдоброто решение за локалните проблеми. Во овој контекст, како и во контекст на неуспешниот попис во 2011 година, кога етничката димензија ја засенува политичката, не се придонесува кон креирање решенија за реалните проблеми со локално значење, туку кон нивно затскривање зад ѕидот направен од „нас“ и „нив“. Етничката мобилизација секогаш ќе придонесува кон продлабочувањето на јазот во општеството.

Оваа ситуација влијаеше на сите делови од општеството и вклучуваше млади луѓе и малолетници. Учениците од средното училиште „Мирко Милески/Дрита“ во Кичево имаа меѓусебен конфликт на 4-ти февруари. Родителите од двете страни протестираа на границата на насилството, така што полицијата мораше да интервенира. Општината Кичево веќе имаше проблеми во однос на етничките прашања. Поделбите и тензиите продолжија да растат во текот на изборниот процес и по него, до денешен ден. Цивил и партнерските организации објавија апел за етнички мир во општината во голем број прилики, вклучително со горенаведениот инцидент во средното училиште.

Рамуш Харадинај беше прогласен за почесен граѓанин на Тетово, што предизвика протести од страна на етничките Македонци во градот и во земјата на почетокот на февруари. Достоинство, партија на поранешен воен и полициски персонал кој се бореше во конфликтот во 2001 година во Македонија, коалициски партнер на опозициската СДСМ, протестираше во Тетово и Скопје. На крајот, одлуката не беше спроведена, а Рамуш Харадинај не допатува во

Тетово.

Етничките прашања и националистичката реторика секаде се користеа. Независниот кандидат за општината Чашка, наводно, на помал собир, изјавил:„Ќе ги купам гласовите од Горно и Долно Јаболчиште (населено со етнички Албанци), но ако станам градоначалник, овие села нема да постојат за мене во иднината.“

Премиерот Груевски, придружен од пратеници и други владини службеници, како и од претставници од опозицијата, имаше два националистички говори во Струга на 13-ти март, и во Кичево, на 14-ти март. Провладините медиуми овие говори ги нарекоа „историски говори“. Владеачката партија донесе голем број луѓе со автобуси од целата земја за да го зголеми присуството во овие градови.

Премиерот Груевски во Струга кажа: „Ако другата страна може да носи луѓе со авиони, автобуси и со возови за да гласаат, ако тие луѓе можат да поминат илјадници километри, и вие можете да излезете од вашите домови и да гласате за Кочовски и за советничката листа, која е поддржана од СДСМ и од другите партии. Направете го ова за вас и за вашите деца. Може да не ви се допаѓа една или друга политичка партија, тоа е ваше право. Но, тука не станува збор за политика, тука станува збор за историја!“

Оваа реторика беше повторена во Кичево. Премиерот Груевски исто така коментираше за Фатмир Дехари: „Мора да му покажеме (на Фатмир Дехари) дека Струга е Македонија, Кичево е Македонија, и дека ќе биде Македонија! (...) Ако Фатмир Дехари сака да живее во Албанија, еве му ја Албанија! Нека оди таму и таму нека живее! Ова е Македонија и ќе биде Македонија! Струга и Кичево, Куманово, Тетово и Гостивар, сите овие општини беа Македонија и ќе останат Македонија! (...) Со сликите со (него како носи) Калашников, нема да заплаши никого. Ако сакаше да ни испрати закани, од овде му порачуваме дека никого не исплашил, ниту во 2001 година, ниту сега, ниту никогаш!“ Премиерот Груевски исто така се обрати до етничките македонски жени да „раѓаат повеќе деца“ за да се надмине бројот на етничките Албанци.

Националистичката реторика и фотографијата на која кандидатот за градоначалник на ДУИ, Фатмир Дехари, е облечен во воена униформа на УЧК вооружен со калашников (од 2001 година) беа употребени во февруари во очигледен обид да се придобијат симпатиите на гласачите, врз основа на националистичка и милитантна иконографија. АК 47 фотографијата остана да биде на личниот профил на Дехари на Фејсбук до денот на подготовка на овој извештај.



ИЗВЕШТАЈ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013, АНАЛИЗИ И ПРЕПОРАКИ

Високи владини службеници ја користеа секоја можност да ги поттикнат националистичките чувства меѓу етничките Македонци и да ги искористат во изборен контекст. Со тоа, владата придонесе кон понатамошно продлабочување на етничката поделба и тензиите во земјата.

## Притисок врз помалите етнички заедници

Ромите беа под притисок во Кичево да гласаат за Фатмир Дехари од ДУИ, со аргумент дека „муслиманите треба да гласаат за муслиман“.

На 17-ти март, полицијата направи претрес во куќа на еден Ром поради сомнение дека наводниот осомничен собирал лични карти од ромските гласачи за да манипулира со истите. Остана нејасно за каков вид на манипулација станува збор во случајот со задржување на личните карти на луѓето, освен ако истите не биле гласачи за „другата“ страна. Полицијата имаше судски налог за претресот. Лицето со ромско потекло отворено ги подржуваше ДУИ. Во неговата куќа не беа најдени никакви лични карти.

Зависно од тоа кој е одговорен во одредена институција на локално или централно ниво, владините институции, како што се финансиската полиција, полицијата, судските извршители, итн., вршеа притисок врз членовите на помалите етнички заедници да гласаат за партиите на една од двете најголеми заедници. Очигледно е дека гласовите на членовите на помалите заедници имаа значење во неизвесната трка за локална власт, но несекогаш и на луѓето.

# БЕСКРУПУЛОЗНА БОРБА ЗА ВЛАСТ

ДЕНОВИ НА ГЛАСАЊЕ

БЕСКРУ-
ПУЛОЗ-
НА БОР-
БА ЗА
ВЛАСТ



# Прв круг

## Прв круг на локални избори

Мониторинг тимовите на Цивил – Центарот за слобода, регистрираа голем број нерегуларности и злоупотреби на денот на изборите, во првиот круг, на 24-ти март. Општата оценка на Цивил за овие избори е дека денот на гласањето помина релативно мирно, но и дека истиот беше одбележан со голем број нерегуларности, кои главно произлегуваа од злоупотребата на институциите на локално и на централно ниво. И покрај барањата од страна на Цивил до релевантните институции за навремено и бескомпромисно реагирање, преземањето на таквата активност и ден денес отсуствува.

Немаше извештаи за поголеми инциденти и насилство. Меѓутоа, овие локални избори уште еднаш покренаа големи и сериозни прашања за системот и за неговата злоупотреба од страна на главните учесници во изборите. Всушност, најголемиот дел од кампањите беше спроведен доста време однапред и не им овозможи на гласачите да гласаат слободно и во согласност со нивното мислење. Тие, на различни начини, беа условувани да гласаат, со работно место, професионална кариера, па дури и со лична безбедност.

Цивил доби информации за масивни прекршувања на предизборниот молк. Однесувањето на политичките партии беше недозволиво, бидејќи тие во нивните изборни кампањи не запираа пред ништо во обидот да применат силен притисок врз електоратот. Злоупотребата на државните и општинските ресурси беше широко распространета и толку очигледна што беше мал

бројот на оние кои се обидоа тоа да го сокријат од очите на јавноста. Цивил постојано истакнуваше дека невообичаеното однесувањето и недемократските методи ги надминаа сите граници и станаа реалност и секојдневен живот.

И покрај сериозните стравувања, гласањето во Кичево и Струга помина релативно мирно. Сепак, останува да се видат долгорочните последици од националистичката реторика која произлезе од изборната кампања, и која најверојатно ќе резултира со понатамошно ескалирање на меѓуетнички тензии и конфликти во земјата.

Високи државни службеници и пратеници беа поставени како партиски набљудувачи во Кичево. Без оглед на легалноста на овие активности, останува прашањето за нивната легитимност.

Беа добиени информации за расправии и судири на денот на изборите во општините Шуто Оризари, Могила и Чаир.

Најмногу инциденти имаше во општината Шуто Оризари. Беа забележани расправии, поткупување, транспорт на гласачи, попречувања и закани за новинари и спречување на гласачите да гласаат.

Директни закани за неколку набљудувачи на Цивил имаше од страна на партиски активисти во неколку општини. Имаше случаи каде членови на изборниот одбор ги спречија набљудувачите на Цивил во нивниот мониторинг. Такви случаи беа забележани во Кичево (избирачко место 0731), Куманово (избирачко место 1070), Гевгелија (избирачко место 0347), Јегуновце, Велес, Крива Паланка и неколку општини во градот Скопје.

Тајноста на личните податоци беше во многу случаи и на многу различни начини е прекршена во текот на предизборниот молк и на денот на изборите. Беше забележан селективен пристап во идентификацијата на граѓаните од страна на полицијата во Тетово, Зелениково, Јагуновце, Кичево, итн. Во голем број општини, партиските активисти ги земаа луѓето од нивните домови и на организиран начин ги носеа до избирачките места. Во неколку случаи гласачите против своја волја беа носени до избирачките места.

Во неколку случаи, нашите набљудувачи детектираа луѓе кои се обидуваа по вторпат да гласаат со различни лични карти. Ова само потврдува дека во голем број случаи лампите и спрејовите не работеа соодветно или воопшто не се користеа.

Беа добиени информации за измама според техниката наречена „бугарски воз“ во неколку општини, како што се Велес и Битола.



ИЗВЕШТАЈ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013, АНАЛИЗИ И ПРЕПОРАКИ

Малцинските заедници се пожалија на притисок и уцена кои се случувале во голем број општини во целата земја. Во текот на првиот круг од изборите, голем притисок имаше, пред сè, врзромското население, како и врз голем број други помали етнички заедници, како што се Турците, Србите и други.

Во овој извештај ќе издвоиме и неколку други нерегуларности и прекршувања, кои се само мал дел од многубројните настани, коиго покажаа и потврдија недемократското и незаконското однесување во првиот круг од локалните избори.

# Прекршување на предизборниот молк

Партиски активисти и локални службеници беа забележани како агитираат на избирачките места во Аеродром, Битола, Богданци, Брвеница, Бутел, Чаир, Чашка, Дојран, Долнени, Гевгелија, Карпош, Кавадарци, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино, Прилеп, Радовиш, Ресен, Штип, Струмица, Свети Николе, Теарце, Тетово, Велес и Виница.

Исто така, партиските активисти им се јавуваа на одредени луѓе за да ги „потсетат“ да гласаат и за кого да гласаат (информации од Штип, Скопје (сите општини), Јегуновце, итн.). Бројот 17 (ВМРО-ДПМНЕ) беше напишан и заокружен на табла во училница во којабеше избирачкото место во Пласница.

Во Радовиш, автомобили кои гласно ја пуштаа химната на ВМРО-ДПМНЕ, парадираа низ градот во текот на денот. Некои активисти ја имаа поставено химната на ВМРО-ДПМНЕ како музика на нивните телефони и истата ја пуштаа во близина на, и во самите, избирачки места.

Активистите на ВМРО-ДМПНЕ делеа изборен материјал и отворено агитираа во текот на предизборниот молк. Активист на ВМРО-ДМПНЕ во Гевгелија, кога бил прашан дали е запознаен со законите со кои се забранува таквото однесување, одговорил: „Не грижете се, ние сигурно ќе победиме, така што ќе нема кој да направи ние да бидеме одговорни“.

Во Струмица, двете главни партии го прекршија предизборниот молк со делење на големи количества на пропаганден материјал.

Масовно прекршување на предизборниот молк имаше на социјалните мрежи од страна на активистите на сите партии.

Особено вознемирува злоупотребата на деца кои на изборниот

ден развејуваа политички и етнички знамиња. Има информации за злоупотреба во неколку случаи каде наставниците ги користеле социјалните мрежи за да агитираат кај нивните ученици за истите да гласаат за владеачката партија или да ги убедат нивните родители во истото.

Од Арачиново и Свети Николе дојдоа информации за партиски активисти кои влегле во избирачките места вечерта пред изборите.

## Избирачки список

Цивил регистрираше одреден број на случаи во неколку општини каде луѓето биле отстранети / не биле пронајдени во избирачкиот список. Информации за такви случаи има од многу општини, вклучително со Долнени, Дебреште, Куманово, Теарце, Кичево, Скопје, итн. Според набљудувачите на Цивил, недостатоци во избирачкиот список имаше и во Долнени, Прилеп, Битола, Куманово, Кичево, Липково, Струга, Охрид, Штип, Гази Баба, Центар, Бутел, Струмица, Дојран, Василево/Конче, Гевгелија, Теарце, Тетово, Брвеница, Гостивар, Јегуновце, Теарце, Желино, Кавадарци, Крива Паланка, и други општини. Во Гевгелија, изборните комисии ги информираа набљудувачите на Мост и Цивил за проблеми со избирачкиот список, не знаејќи како да се справат со овие проблеми.

Многу случаи вклучуваат релокација на гласачи во други избирачки места. Во еден случај, брачнадвојка регистрирана на истата адреса во Кичево, мораше да гласа на две различни избирачки места. Така што, тие прво мораа да одат до општинските канцеларии за да проверат на кои избирачки места може да гласаат, а потоа да одат и да го дадат својот глас на тие две различни места. Имаше и регистрирани случаи каде гласачите, по пристигнување на избирачкото место, добиле информација дека веќе гласале. Очигледно некој друг гласал во нивно име.

Како пример, само еден набљудувач на Цивил во Теарце регистрирал дека 45 гласачи нема во избирачкиот список на 11 избирачки места. Слични прекршувања се забележани во повеќето извештаи од нашите набљудувачи од целата земја на денот на гласање во првиот круг. Дури и лидерот на ДПА, Мендух Тачи, не можел да гласа бидејќи неговото име не било во избирачкиот список во Тетово.





## Гласање на лица со хендикеп

Во Кратово (избирачко место 0933) избирачкиот одбор во општината донел скршена гласачка кутија, со објаснување дека истата им паднала додека „минувале низ тесните улици од градот". Во своите раце носеле пликоа со гласови. Гласањето на ова избирачко место беше прогласено за регуларно.

Некои од лицата со хендикеп не знаеа дека се наведени како лица со хендикеп, т.е. некој друг ги навел таквите лица. На голем дел од нив „помошта" им е обезбедена под сомнителни околности.

Во Гевгелија, членови на изборни комисии се пожалија дека не се доволно обучени да го спроведат гласањето за лицата со хендикеп. Исто така, и тие не носеа гласачки кутии, така што пликоата со гласови беа ставени во поголемо плико. Претседавачот на изборниот одбор го однел пликото дома, а утредента го доставил до општината.

Голем број на гласачи информирале дека се болни пред изборите, за да можат да гласаат дома. Големиот број на болни лица предизвикува сомнение за валидноста на таквите гласови.

## Јавно гласање

Регистрирани се појавии граѓаните да гласаат јавно, со тоа што отворените гласачки ливчиња им ги покажуваа на партиските набљудувачи. Такви случаи беа забележани во Пласница, Чаир, Радовиш, Богданци, Брвеница, Аеродром, Струмица, Јегуновце, Кавадарци. Јавните гласања, главно, беа давани за владеачките партии.

## Прекршување на тајноста на гласањето

Читање на глас на имињата на гласачите беше забележано во Кратово, Карпош, Аеродром. Во случајот со Кратово, партискиот набљудувач од ВМРО-ДПМНЕ истакна дека му било кажано дека имињата на гласачите мора да читаат на глас, како правило.

## Семејно гласање / гласање преку ополномоштеник

Семејно гласање / гласање преку ополномоштеник беше забележано во општините Долнени, Битола, Пласница, Куманово, Штип, Шуто Оризари, Сарај, Јегуновце, Струмица, Радовиш, Богданци, Теарце, Арачиново, Маврово и Ростуше, Кавадарци, Велес, Тетово, Струга, Чаир, и други. Во одреден број избирачки места, одборите не реагираа на овој начин на гласање.

## Водење евиденција на гласачи

Активисти на ВМРО-ДПМНЕ, но исто и набљудувачи од други партии (и од опозициската и од владеачката коалиција) беа забележани блиску до избирачките места, каде воделе евиденција на лицата кои гласале, што е исто така една форма на притисок и недозволена контрола над електоратот.

Партиски активисти пред местата, во координација со партиските набљудувачи во избирачките места, воделе евиденција на гласачите, заокружувајќи ги нивните имиња на претходно подготвени листи или со запишување на нивните имиња. Во еден случај, забележана е координација меѓу набљудувач од НВО и оние кои воделе евиденција од ВМРО-ДПМНЕ.

Водењето евиденција е забележано во Ресен, Свети Николе, Кичево, Чаир, Карпош, Аеродром, Струмица, Радовиш, Богданци, Теарце, Желино, Чашка, Велес, Крива Паланка, Кавадарци, Прилеп.

Ова претставуваше специфична форма на притисок насочена кон гласачите, како дел од организирана активност за да се влијае на гласачите.

## Втор круг на локалните избори

Вториот круг на локалните избори (7 април) беше - повторно - проследен со многу нерегуларности, инциденти, тензии и притисоци. Иако не се регистрирани поголеми инциденти и директно физичко и вооружено насилство, вториот круг на локалните избори повторно покажа дека сè уште се отворени сериозни прашања за системот како целина и неговата злоупотреба од страна на главните играчи во изборниот процес.

Во вториот круг отворено се одвиваше сериозна демографска интервенција за етнички и партиски цели. Сиромаштијата на народот се злоупотребуваше во голем степен и на разни начини само за да се освои власта.

Вториот круг на избори започна во особено затегната атмосфера во Кочани каде беше видливо полициското присуство, особено по апсењата од претходниот ден. Имаше наводи дека уапсените лица биле членови на опозициската СДСМ. Во многу случаи во оваа општина беше забележано купување гласови. Освен тоа, во ромските населби се забележани многу случаи на семејно гласање. Беше регистрирано дека лица кои наводно беа неписмени побараа помош, а подоцна им помагаа на други, кои исто така тврдеа дека се неписмени.

Во Велес еден од набљудувачите на Цивил, кој беше акредитиран од ДИК и имаше важечки документ од Цивил, беше спречен да влезе во гласачкото место број 2147. Набљудувачите од НВО „Платформа против сиромаштијата“ беа отстранети од гласачките места од страна на полицијата, а подоцна им беше дозволен пристап без објаснување.На гласачкото место број 2164 беше забележан обид за фотографирање. Беа забележани партиски активисти на ВМРО-ДПМНЕ кои агитираа пред гласачките места. Во гласачкото место број 2172 партиски активисти кои носеа списоци на гласачи ги евидентираа гласачите. Пред гласачките места се групираа лица од агенција за приватно обезбедување во сопственост на член на владејачката партија. Истата агенција организира и превезе гласачи до гласачките места. Во селата Иванковци и Долно и Горно Оризари партиски активисти и вработени во администрацијата им се закануваа на дел од граѓаните со одземање на субвенциите.

Во Скопје и неколку други општини низ земјата беа забележани над десет случаи на попречување на работата на набљудувачите на Цивил. Попречувачите беа главно од изборните комисии во избирачките места.

На гласачкото место број 2556 во Ѓорче Петров беше забележан обид за фотографирање на гласачкото ливче. 2556.

Во општините Ѓорче Петров, Аеродром и Карпош во Скопје и во Тетово сите партии го прекршија изборниот молк со делење летоци.

Во Струмица нашите тимови нè информираа за огромно полициско присуство и тензична атмосфера. Една гласачка кутија беше скршена и беа испукани куршуми од воздушна пушка во Струмица.

Во Карпош и Велес на избирачкиот список на гласачи се појавија починати лица.

Во општина Центар (населба Капиштец) имињата на гласачите се читаа на глас.

Во општина Чаир партиски активисти во гласачките места имаа списоци на гласачи и ги евидентираа гласачите. Имаше и случаи на јавно гласање (гласачко место број 2945). Беше забележан и организиран превоз на гласачи. Беа забележани и неколку случаи на гласање во име на друг, како и обид за гласање со туѓа лична карта. Такви случаи беа забележани и во селото Чајле во општина Гостивар.

Добивме информации од Тетово дека партиски активисти нуделе пари за гласови пред основно училиште „Кирил и Методиј“.

Во Ресен изутрината се видени возила од Албанија. Се претпоставува дека превезувале гласачи од Пустец.

Попладнето се забележани поголем број изборни нерегуларности во многу гласачки места во земјата.

Цивил доби приговори од граѓани од село во Берово кои изјавија дека партиски активисти на ВМРО-ДПМНЕ им се заканувале дека ќе ги убијат и дека ќе им ги изгорат имотите доколку не гласаат за нивната партија.

Гласање во име на друг е забележно во Битола, Старо Нагоричане, Гостивар, Чаир, Тетово, Теарце, Струга, Јегуновце и други места.

## Пустец во Скопје

На денот на прегласувањето атмосферата во општина Центар беше мошне тензична. Според извештаите, гласачи од Пустец биле донесени во неколку гласачки места низ општината и предизвикале револт кај граѓаните. Цивил доби многу телефонски повици и ги дозна за движењата на „увезените“ гласачи.

Во доцните попладневни часови пред затворањето на гласачките места се создаде тензија во општина Центар. Според извештаите на набљудувачите и многуте повици од граѓаните, граѓани од Пустец (Албанија) окупирале неколку гласачки места од кои следниве се издвоени: „Дом на градежни работници“, Фудбалската федерација на Македонија, населбата Капиштец и училиштето „11 Октомври“. И независните медиуми го забележале масовното гласање.

Освен граѓаните кои дошле од Пустец, друг наш набљудувач, како и граѓани ги забележале „новите граѓани“ во Центар, кои дошле од



ИЗВЕШТАЈ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013, АНАЛИЗИ И ПРЕПОРАКИ

општина Кавадарци, а веројатно и од други македонски општини.

Според сведоци, имало големо полициско присуство за да се заштитат „увезените“ граѓани.

## Долг список со нерегуларности

Семејно и групно гласање; политичко агитирање и прекршување на изборниот молк; организиран превоз; подмитување граѓани; закани; нецелосни гласачки материјали; зголемен број наводно неписмени лица; хендикепирани и болни лица; членови на избирачки комисии без идентификациски документи; претерано полициско присуство; присуство на високи државни функционери.

На неколку гласачки места се забележани притисоци и попречување на работата и набљудувачите и од Цивил и од други организации.

## ТЕНЗИЧНИ ИНТЕРВАЛИ

Деновите меѓу изборните кругови на гласање беа исти како и оние пред самиот почеток на изборниот процес. Нашите набљудувачи известуваа за валкани кампањи на теренот, агресивна медиумска кампања, зачестени активности од врата на врата, изборни вработувања, закани, злоупотреба на јавната администрација и ресурси итн. Етничките тензии беа константно високи.

Граѓаните ги доживуваа најголем број од ваквите активности на политичките партии како притисок. Тие често им се јавуваа на нашите работни групи или нашата канцеларија во Скопје за да известат за многуте нерегуларности. Цивил апелираше за слободни избори во повеќе наврати и ја продолжија својата кампања за јакнење на јавната свест.

# ИЗБОРНО ПРЕГЛАСУВАЊЕ НА 21 АПРИЛ

**Неправилности, притисоци, тензии, манипулации, демографски интервенции и други видови на структурно насилство се карактеристика на овој изборен циклус воопшто, а исклучок не беше ни прегласувањето на 21 април, а посебно за време на прегласувањето во општина Центар.**

Прегласувањето на вториот круг од изборите на 21 април ја заокружи сликата на локалните избори 2013 година во Македонија. Тоа беше сликата на бескрупулозна борба за власт во која се газеше врз достоинството на граѓаните. И повторно, структурното насилство и социјалната неправда оставија силен белег како безобѕирни алатки за стекнување моќ. Најискористени, уценувани и манипулирани беа болните, инвалидите, невработените, децата и младите, корисниците на социјална помош и сиромашните. Тие го понесоа товарот на недемократските дејствија на центрите на моќ. Најшокантниот пример за тоа е манипулацијата на граѓаните/граѓанките од Пустец, Албанија. Учествувајќи во најголемото нарушување на изборниот процес, тие беа искористени и изложени на секакви понижувања и јавна стигматизација,

Вработените во јавната администрација беа уценувани и искористени за партиски цели.

Уште еднаш, изборното прегласување во Центар изнесе на виделина сериозни институционални недостатоци, кои доведоа до прекршување на правниот поредок.

Најголемиот број на неправилности и тензии се случија за време на прегласувањето во општина Центар во Скопје. Нерегуларности и притисоци беа регистрирани и на прегласувањето во општина Струга и гласањето во вториот круг во општина Долнени.

Прегласувањето мина во тензична атмосфера, односно максимално користење на институциите за притисок врз гласачите. Забележливо беше зголеменото присуство на полицијата во сите општини каде денеска се гласаше. Забележани беа повеќе возила без регистарски таблички во близина на гласачките места.

Цивил констатира дека при гласањето во Центар, уште еднаш се употреби демографска интервенција. На граѓаните дојдени за гласањето од Пустец, Албанија, овој пат им се придружија и ги засилија „нови гласачи“ од Велес, Струмица, Кавадарци, како и од скопските општини Аеродром и Бутел. Од анонимен извор дознавме дека меѓу „увезените гласачи“ имало и такви од Горанци од Косово, кои наводно дошле за да гласаат во општина Центар на организиран начин, исто како и гласачите од Пустец.

Регистрирани се и гласачи на кои во личните документи не им е впишано местото на раѓање. Наместо тоа впишано е „ХХК“.

Во општина Центар беа забележани низа „инвентивни“ обиди за дезинформирање на граѓаните со цел да не излезат на гласање. Оставени беа голем број флаери во кои се тврди дека прегласувањето е на 28 април со фалсификуван потпис на кандидатот за градоначалник Жерновски. Во текот на гласањето, истото се случуваше и пред неколку гласачки места, каде што партиски активисти на ВМРО-ДПМНЕ ги убедуваа луѓето дека не се гласа на тој ден или дека тоа не е нивното гласачко место, со цел да се внесе забуна и да се намали излезноста.

Лифтовите во неколку згради на улиците „Народен фронт“ и „Васил Ѓоргов“ „мистериозно“ престанале да работат.

# Опструкција на новинари и набљудувачи

Пред Домот на градежниците, припадници на полицијата во цивилна облека ги легитимирале и ги запишувале присутните новинари, а при тоа одбивале самите да се претставaт пред нив.

Партиски активисти на ВМРО-ДПМНЕ попречуваа телевизиски екипи и новинари да ја вршат својата работа на неколку избирачки места во општината.

Една новинарка од Нова ТВ била малтретирана и удрена од член на изборната комисија во Дом на градежници.

Работата на набљудувачите на Цивил е попречувана од страна на изборните комисии во неколку избирачки места.

# БЕСКРУПУЛОЗНА БОРБА ЗА ВЛАСТ

ПЕРИОД ПО ИЗБОРИТЕ

# БЕСКРУПУЛОЗНА БОРБА ЗА ВЛАСТ

ИЗВЕШТАЈ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013, АНАЛИЗИ И ПРЕПОРАКИ

## Влошувањето продолжува

Ноќта по вториот круг на гласање во општината Центар, администрацијата на тогашниот градоначалник Владимир Тодоровиќ постави над 30 нови споменици. Во радиус од само неколку стотина метри беше спроведена огромна техничка операција во очигледен обид да се покаже моќ и доминација.

Сечењето на стари дрвја и отворањето на нови инвестиции во општина Центар продолжува и покрај јавните протести и ставањето на проектот во мирување од страна на новиот градоначалник Андреј Жерновски, кој најави финансиска ревизија на контроверзниот проект Скопје 2014. Во деновите и неделите по изборите, новата администрација во општината се соочи и сè уште се соочува со невиден притисок од владејачката партија која тоа го прави на многубројни начини. Таквиот притисок опфаќа мноштво административни опструкции, како и насилни протести во кои се напаѓаат и општински службеници во „одбрана“ на црквата, која е дел од Скопје 2014.

Неколкумина новоизбрани членови на општинските совети променија страна, т.е. иако беа избрани како кандидати од опозицијата, тие и се придружија на владејачката партија (Велес, Центар, Куманово, итн.).

Низ цела земја проструи бран наводни тврдења за отпуштени работници. По таквите информации следуваа негирања, како и објаснувања дека отпуштените работници биле дел од „изборните вработувања“ за купување гласови.

Веднаш по завршувањето на изборите започнаа и внатрешните расправии за тоа кој најмногу заслужува да го вработат.

Во Кичево за прв пат беше подигнато албанското знаме пред општинската зграда. Од албанската страна следуваа објаснувања и одобрување, додека на македонската страна се створи гнев и загрижување.

И по завршувањето на изборите во земјата продолжи дискредитирањето на политичките опоненти преку медиумите и преку јавните настапи на политичките лидери. Не беа организирани јавни дискусии за наодите на набљудувачките мисии, а не беа направени ниту чекори во однос на препораките на ОДИХР и

другите релевантни институции и организации со цел да се подобрат изборните регулативи и практики.

Главната опозициска партија мина низ процес на замена на долготрајниот лидер Бранко Црвенковски со Зоран Заев, којшто освои трет градоначалнички мандат во Струмица. „Одметнатиот“ партиски функционер Стефчо Јакимовски, старо-новиот градоначалник на Карпош формираше своја партија наречена Гром, додека уште еден поранешен функционер на СДСМ Владо Бучковски и неколкумина други се во процес на формирање нова политичка партија. Неколку помали политички партии се отцепија од опозицискиот блок и ѝ се придружија на владејачката коалиција или пак настапуваат сами во фрагментираната политичка сцена во земјата.

Во меѓувреме, состојбата на демократијата, човековите права и слободи, а особено слободата на изразување во земјата се влошуваат.

Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано.
Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)
(Кодекс на новинари на Македонија чл.10 и чл.14)





# НЕСЛАВНА УЛОГА НА МЕДИУМИТЕ

Вистинско чудо е што на Локалните избори 2013. година немаше физичко насилство и пресметки. Тоа, за жал, е единствената утешна и одвај преодна оценка на изборите.
Изборите не беа ниту фер, ниту слободни, а најмалку беа демократски. Кампањата беше најнасилничка, а изборите највалкани до сега.
Во вакви услови само за владејачката партија (ВМРО ДПМНЕ) изборите беа „празник на демократијата“. Странските и домашните набљудувачи ниту во назнаки не ги спомнуваат категориите фер, слободни, ненасилни и демократски.
Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР изборите ги оцени како мирни, ефикасно спроведени, конкурентни, но и нерамноправни . Според Мисијата, главна причина за тоа е „пристрасното и партиско медиумско покривање и мешањето на владините и партиските активности“.
Срамна беше улога на поголемиот дел медиуми, пред сè, на електронските, кои директно придонесоа од изборниот процес да отсуствуваат категориите слободни и ненасилни. Овие медиуми, како никогаш порано, агресивно и сосема отворенoја поддржуваа коалицијата на партиите на власт, како во најтврдокорните еднопартиски режими.
Накратко, повеќето медиуми играа улога на партиско-државни гласила.
Најдалеку во пристрасноста отидоа МРТВ, иако е јавен сервис од интерес на сите граѓани, но и ТВ Сител, како и весниците Вечер и Дневник.
Останатите ТВ станици беа наклонети кон власта, но во помал обем, со исклучок на ТВ Телма, која, според податоците и на СРД, меѓу двата изборни круга, повеќе внимание посвети на опозиционата коалиција.
Меѓу независните медиуми, посебно ги издвојуваме неделниот политички магазин и дневниот весник Фокус кои престанаа да излегуваат по првиот круг на изборите, поради трагичната и сé уште неразјаснета смрт на нивниот сопственк Никола Младенов.
Балансирано за изборите известуваа ТВ Алсат М, ТВ 24 Вести, ТВ Алфаи Радио Канал 77, меѓу електронските медиуми, Утрински весник, Коха и Лајм меѓу печатените, како и mkd-news.com и portalb.mk од интернет порталите.
Повеќето медиуми, со отворената поддршка, не беа само пристрасни, туку беа директни учесници и актери во кампњата на

страна на партиите од власта. Притоа, имаше и говор на омраза, лични навреди и омаловажувања на сметка на учесниците во изборниот процес, особено оние од опозицискиот блок.

Особено опасна и непрофесионална беше улогата на медиумите во изблиците на национализам поврзани, пред сè, со изборите во Кичево и Струга. Наместо да ги осудат појавите на национализам, да се дистанцираат од нив, дел од медиумите со нагласена националистичката реторика, поттикнуваа меѓунационална нетрпеливот и омраза.

Пристрасноста на дел од медиумите беше видлива и при изборите за градоначалник на Центар. Победата во оваа општина беше императив за владејачката партија, пред сé, во одбрана на проектот Скопје 2014. Поради тоа, помеѓу двата круга и при прегласувањето „партиските“ медиуми водеа вистинска хајка против кандидатот на опозицијата, кој јавно беше омаловажуван и обвинуван за корупција.

Овие воведни оценки се засновани на обемниот медиа мониторинг на Цивил, чиишто екипи во рамки на проектот „Слободни и ненасилни избори“

секојдневно ги следеа дневните весници Фокус, Дневник, Нова Македонија, Утрински весник, Вечер, Коха и Лајм и неделниците Фокус, Граѓански(додека излегуваа) и Република.

Во рамките на мониторингот се следеа и највлијателните електронски медиуми и најчитаните интернет портали. Во извешатајот се користени и податоци на Советот за Радиодифузија (СРД). Цивил, во рамките на својата кампањата за јакнење на јавната свест, со апели, соопштенија и спотови се обидуваше и настојуваше да придонесе кон слободни и ненасилни избори. Постојаните, речиси секојдневни апели, за жал, не допреа до повеќето медиуми, поради нивната пристрасност и наклонетост кон партиите на власт.

Провладините медиуми селективно и недоволно отстапуваа простор за апелите и извештаите на Цивил. Јавниот сервис ги затвори вратите за кампањата за јакнење на јавната свест, наспроти уредното барање од Цивил. Тие, едноставно, се оглушија од нашето барање да ги емитуваат спотовите на Цивил, без оглед на фактот што се работеше за кампања од висок општествен интерес.

Рабирање и поддршка за активностите на Цивил имаше во телевизиите Телма, 24 Вести, Алфа ТВ, ТВ Ера, Алсат-М, порталите Плус Инфо, Нова ТВ, Бриф, Порталб, Либертас, Дарданија, весникот и неделникот Фокус за што и во оваа пригода Цивил им изразува благодарност.





# НЕСЛОБОДА НА МЕДИУМИТЕ

Срамната улога на повеќето медиуми во кампањата и изборите, пристрасноста со која застанаа на страна на коалицијата на партиите од власта, само ги потврдија оценките за очајната, катастрофална положба во која, последниве години, сè подлабоко тоне новинарството во Македонија. На дело се потврди дека коалициијата партии на власт го држи под цврста контрола речиси целиот медиумски простор во Македонија. Како во времињата на најзакоравени тоталитарни, еднопартиски режими и едноумие.

Добар дел од медиумитеи новинарите, во безумен, срамен натпревар, кој ќе биде поблиску до владетелите, брутално ги газеа професионалните норми, кршеа кодекси, закони... Пристрасноста со која медиумите и новинарите беа активни учесници во изборната кампања ќе остане засекогаш црно петно во историјата на Македонкото новинарство.

Слободата на медиумите како неприкосновено право, гарантирано со Уставот, дефинитивно е погребана на овие избори. Заедно со новинарството и медиумите погребани се човековите слободи и права на мислење, на изразување, на информирање, погребани се демократијата и цивилното општество.

Слободите станаа неслободи.

Кризата на новинарството и агонијата на медиумите, не се од денес. Состојбите последниве години постојано, систематски се влошуваат. Поради тоа се очекуваше дека дел од медиумите ќе бидат пристрасни, но дека ќе се спуштат до најниското можно ниво, до ниво на партиски агитатори, тешко можеше и да се претпостави. Надминати се најнегативните прогнози.

Причините поради кои медиумите се доведени во состојба на неслободи, поради кои продолжуваат самите подлабоко да се вкопуваат во потчинетост и зависност се различни и повеќеслојни. Најголем дел од причините се директно или индиректно поврзани со определбата на власта целокупниот медиумски простор да го подреди на своите потреби и тесно партиски политики.

Тоа е добро обмислена и планирана стратегија која што ВМРО-ДПМНЕ, од доаѓањето на власт во 2006. година, заедно со коалиционите партнери, континуирано и доследно ја спроведува, ако треба и со примена на сила. Власта со ваква стратегија обезбеди речиси целосна контрола, а медиумите и новинарите ги доведе во тотална, вазалска зависност.

Стратегијата со која е остварена контрола врз целиот медиумскиот простор е позната. Накусо ќе ги набележиме главните насоки.

- Саморекламирање. ВМРО ДПМНЕ изминатите седум години, откако е на власт е во континуирана медиумска кампања за саморекламирање, како на партијата, така и на Владата. Со пари од буџетот, Владата и партијата станаа ако не најглем, тогаш сигурно највлијателен медиумски огласувач, а со износите, кои се тајна, се купува „послушноста“ на медиуми.

Ваквата стратегија обезбедува двојна корист. Владата и партијата се постојано присутни во медиумскиот простор, се саморекламираат, го билдаат рејтингот, а истовремено ги држат под контрола медиумите. Наметнуваат послушност и самоцензура, бидејќи поради критички написи гласилата можат да останат без реклами и без пари.

- Немање пазар. По осамостојувањето на Македонија почна да се формираат пазарни услови за медиумите, но остана само на почетоците. Она малку што беше создадено е избришано со интервенции на власта која дел од парите насочуваше во одредени медиуми, обезбедувајќи им со тоа монополска положба. На тие основи, подовна, се надоврза и се надгради стратегијата на саморекламирање која до крај го урна пазарот. Гласилата кои не беа и не сакаа да бидат под контрола на власта, ги губеа позициите на пазарот, некои се продаваа, некои едноставно згаснуваа.

- Сопственичка структура. Структурата на сопственииштвото врз медиумите директно влијае врза нивната (не)зависност. Имаше разни фази. Во почетокот основачи и сопственици на медиумите беа новинари. Сега медиумите главно се во рацете на бизнисмени кои се блиски до власта. Некои поради политички  интереси (членови на владината коалиција), повеќето поради корпоративни интереси. Со повлекувањето на германската компанија WACод Македонија и со продажбата на ТВ Алфа, речиси е заокружена сопственчката структура блиска до власта. Останаа одвај неколку оази надвор од оваа спрега.

- Примена на сила. Спроведувајќи ја стратегијата за контрола врз медиумите власта кога треба прибегнува и кон сила. Најдрастичен пример е затворањето на  ТВ А1 и три дневни весници. Тоа беше јасна опомена за сите сопственици на медиуми. Своевидна примена на сила се и тужбите за клевета против медиуми и наовинари кои критички пишуваат за власта. Застрашување е и повременото поименично „прозивање“ на „неподобни новинари“од страна на власта. Застрашување и примена на сила беше и исфрлувањето на





новинарите од галеријата на Собранието...

- Поделби. Составен дел на стратегијата за контрола на медиумскиот простор е внесување на поделби меѓу новинарите. Смислено, ако не на иницијатива, тогаш со поддршка на власта, новинарите се делат на „патриоти“ и „предавници“. Притоа ексклузивно право да бидат „патриоти“ имаат само новинари кои слепо и слугански ја поддржуваат и величаат власта. Сите други се „предавници“. Наметната поделба дополнително го девалвира новинарството како професија,а власта со поддршка на своите „патриоти“ внесува нови норми и критериуми во медиумскиот простор.

Има и низа други причини, но и овие се повеќе од доволни Македонија постојано и вртоглаво да тоне на ранг листите на слободата на медиумите во светот. За само четири години на ранг листата на Репортери без граници падна за 82 места и се наоѓа на неславното 116. место. Тоа повеќе од доволно говори во каква крајно загрижувачката неслобода се наоѓаат и работаат медиумите и новинарите во Македонија.

Сериозна загриженост поради состојбата со слободата на медиумите во Македонија изразија и Американскиот Стејт депртмент, во својот годишен извештај, како и Европската унија (ЕУ). Ниту овие укажувања, ниту тонењето кон дното на ранг листи на слободите на медимите не беа ниту поттик работите да се сменат.

Нема ниту назнаки дека состојбите ќе се подобрат. Напротив, со новиот Закон за медиуми, кој со сила им се наметнува на новинарите, а кој според многу оценки воведува отворена цензура, на Македонија и се заканува неслободата да ја замени целосен медиумски мрак.

Наведените состојби можеби го објаснуваат, барем делумно, однесувањето на новинарите и медиумите за време на изборите, но ни во кој случај не можат да ги оправдаат.

# ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ

Македонија споредено со големината и бројот на жители има несоодветно голем број електронски медиуми. Според Советот за радиодифузија (СРД) легално функционираат 187 телевизии и радија.Меѓутоа, квалитетот на нивната програмата опаѓа, а во информативниот дел спорна е објективноста во известувањето на повеќето електронски медиуми. Тоа главно е последица на мешање на власта и полтиката во сферата на медиумите, структурата насопственоста, како и политичките и бизнис интереси, поради кои сопствениците се поврзани со институциите на државата.

Овие познати слабости на електронските медиуми дојдоа до полн израз за време на Локалните избори 2013. на кои, наместорамноправен пристап и фер претставување на сите учесници главно имаше „навивање" за коалицијата на партии на власт. Во некои медиуми однос беше дури 3 наспрема 1 во полза на владеачките партии. Медиумите кои известуваа балансирано, беа исклучок.

Според мониторингот на СРДво повеќето медиуми најголема застапеност имале Коалицијата "За подобра Македонија", предводена од ВМРО-ДПМНЕ, како и ДУИ, во однос на опозициската Коалиција "Сојуз за иднината", предводена од СДСМ, како и ДПА. Дисбалансот само делумно може да се објасни со на различниот интензитет на активностите на партиите.

Најголема неизбалансираност,пристрасност, според СРД е регистрирана кај: МРТ1, потоа, Македонското радио - Прва програма, како и кај ТВ Сител. Дисбаланс има и во другите медиуми, но во помал обем.

Балансирано известуваше само ТВ Алсат М, каде што главно рамноправно беа претставени партиите од власта и опозиција, како од албанскиот, така и од македонскиот кампус. Главно рамноправно и балансирано известување имаа и телевизиите 24 Вести и Алфа, како ирадиото Канал 77.

Поединечниот преглед, направен врз основа на податоци од Извештај на СРД за мониторингот на локалните избори го покажува, не само дисбалансот и пристрасноста на некои медиуми, туку ги илустрира и вкупните состојби во медиумскиот протор.





## Македонска телевизија – прва програма

Јавниот сервис Македонска телевизија, на првата програма во телевизиските дневници на кампањата за Локалните избори 2013 година посветила цели 16 часа. Во оваа бројка се вклучено и времето посветено на „редовните активности" на Владата и на министерствата, кои беа директно во функција на изборите.

Притоа паѓа в очи дека МТВ 1 на редовните активности на Владата посветила повеќе време, отколку на опозиционата коалиција.

Коалицијата „За подобра Македонија" предводена од ВМРО ДПМНЕ во двата ТВ дневника на МРТ1 биле застапени со 5 часа и 25 минути.

Коалиција „Сојуз за иднината" предводена од СДСМ била застапена со 2 часа и 44 минути. Односот меѓу застапеноста на партиите од власта и опозицијата е речиси 2 наспрема 1.

Но овој соодност ни од далеку не е реален бидејќи „редовните активности" на Владата и на министерствата се застапени со– 3 часа и 26 минути.

Кон ова треба да се додаде дека во посебни емисии на експертски анализи во врска со Локалните избори им било посветено – 1 час и 15 минути.

Кога се ќе се собере на активности на владеачката коалиција, на Владата и на експетските анализи било посветено околу 9 часа, а опозиционата коалиција била застапена со помалку од 3 часа.

Релативно е мала застапеноста на другите политички субјекти. Активностите на партијата, ДПА, коалиционен партнер во власта се проследени само со 29 минути, додека опозиционата ДПА била застапена со 19 минути.

Македонска телевизија – втора програма

Јавниот сервис Македонска телевизија, на втората програма во двата ТВдневника на албански јазик на локалните избори им посветила 15 часа и 53 минути, при што нема драстичен дисбаланс, како на првата програма.

Најмногу време 2 часа и 51 минута било посветено на активностите на ДУИ. Опозиционата ДПА била застапена со 2 часа и 2 минути.

Со идентично време од 2 часа 2 минути била застапена Коалицијата предводена од СДСМ, додека за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ биле отстапени 1 час 54. Меѓутоа, „редовните активности" на Владата и министерствата биле проследени со 1 час и 22 минути.

## Македонско радио – прв програмски сервис

Информативната програма на Првиот програмски сервис на Македонското радио со 18 часа и 36 минути има уверливо најголем обем прилози за предизборните активности на партиите, но и за Владата и министерствата кои беа во функција на изборната кампања
Ова време е распоредено на 26 политички субјекти со нагласена неизбалансираност во покривањето на нивните активности.
За активностите на владеачката Коалицијата „За подобра Македонија“ е издвоено 6 часа и 35 минути,а за опозиционата Коалиција „Сојуз за иднината“, само 3 часа и 17 минути.
Активностите на Владата и министрите во функција на изборите беа покриени со 3 часа и 52 минути. Вкупно за владеачката коалиција и Владата беа издвоени повеќе од 9 часа.
Поради тоа знемарливо мала е минутажата за предизборните активности на другите политички субјекти. За предизборната активност на ДУИ се издвоени 28 минути, а за опозиционата ДПА 17 минути.

## ТВ Сител

Локалните избори во двата дневника на ТВ Сител беа застапени со нешто повеќе од 13 часа при што има драстична неизбалансираност. Известувањето е концентрирано на активностите на Коалицијата „За подобра Македонија“ на ВМРО ДПМНЕ за чија кампања се издвоени 5 часа и 49 минути. Ако кон тоа се додаде дека активностите на Владата биле застапени со 2 часа и 42 минути, тогаш јасно се согледуваат размерите на дисбалансот. На овие активности од вкупно 13 часа биле издвоени околу 8 часа и 30 минути.
За кампањата на опозиционата Коалиција „Сојуз за иднината“ биле издвоени само 1 час и 52 минути.
Другите политички субјекти биле застапени со значително помала минутажа. Забележливо е дека Српската напредна странка била застапена со 26 минути, што е повеќе отколку времето издвоено заедно за ДУИ, 13 и ДПА 5 минути.



ИЗВЕШТАЈ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013, АНАЛИЗИ И ПРЕПОРАКИ

## ТВ Канал 5

Локалните избори во двата дневника на ТВ Канал 5 биле застапени со вкупно 11 часа и 10 минути. Известувањето било концентрирано кон двете најголеми коалиции при што постои дисбаланс.
Коалицијата „За подобра Македонија“ предводена од ВМРО ДПМНЕ била застапена скоро со 3часа , опозиционата Коалиција „Сојузот за иднината“ на чело со СДСМ со околу 2 часа.
„Редовните„ активности на Владата и министерствата биле застапени со 2 часа и 30 минути.

## ТВ Телма

Локални избори во двата централни дневника на ТВ Телма биле застапени со вкупно 11 часа и 18 минути. Според податоците на СРД во првите десет дена од кампањата политичките субјекти имале релативно рамноправен третман, но подоцна во втората половина од кампањата забележан дисбаланс и поголема застапеност на опозицијата.
Коалицијата предводена од СДСМ била застапена со вкупно 3 часа 5 минути, додека за владејачката Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ биле издвоени 1 час 53 минути.
Наспроти тоа, во известувањето за партиите на албанците повеќе време 42 минути било посветено на активностите на ДУИ, додека за опозиционата ДПА била застапена со 24 минути.

## ТВ Алсат М

Телевизијата Аласат М, единствениот електронски медиум со национална концесија, кој емитува програма двојазично – на албански и на македонски- за локалните избори известуваше најизбалансирано.
Посебно треба да се нагласи дека во информативните емисии на ТВ Алсат М речиси рамноправно беа застапени изборните активности на најголемите партии од власта и опозицијата. Балансирано, со незначителни разлики во минутажата беа застапени и партиите на Албанците и на Македонците, што ни од далеку не беше случај кај другите електронски медиуми.
ТВ Аласт М во двата телевизиски дневницина изборните активности им посвети 10 часа и 33 минути. Во оваа минутажа, вклучени се и

извештајите за „редовните“ активности на Владата и министрите.
Гледано според политички партии на активностите на ДУИ им беа посветени 1 час и 44 минути, а на опозиционата ДПА 1 час и 11 минути. Слична минутажа имаа и пртиите од македонскиот блок. За коалицијата на партии предводена од ВМРО ДПМНЕ беа издвоени 1 час и 10 минути, а за опозиционата коалиција предводена од СДСМ1 час и 20 минути. За кампањата на опозиционата партијата НДП на Руфи Османи беше издвоено околу 50 минути.

* * *

Оценките за однесувањето на електронските медиуми во кампањата за локалните избори се базирани врз податоците од мониторингот на СРД. Егзактните, до секунда точни, податоци на овој мониторинг покажуваат колку електронските медиуми, кои имаат и најголемо влијание во јавноста, се под влијание на политиката.
Дисбалансот, кој го покажуваат податоците, само ја потврдува оценката дека повеќето електронски медиуми се „наклонети“ кон партиите од владеачката коалиција. Понаку речено електронските медиуми, се под директно влијание и контрола на власта и партиите на власт, пред се на ВМРО ДПМНЕ. Наклонетоста на електронските медиуми, секако имаше свое влијание и врз изборните резултати.
СРД, кој после промена на составот е под влијание на власта и партиите на власт, врз основа на податоците од сопствениот мониторинг, укажува на големиот дисбаланс во известувањето. Оценките се главно точни, иако со укажувањето дека активностите на партиите во кампањата биле различни, има обид дисбалансот и нерамномерната застапеност на партиите, барем делумно да се оправда.
СРД констатира дисбаланс во известувањето и меѓу двата изборни круга, но се ограничува само на констатации, без да преземе мерки. Истото се случува и после конечниот извештај, нема мерки и санкции за електронските медиуми кои нагласено нерамномерно известуваа за овие локални избори.





# ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Говор на омраза, пристрасност и сатанизација на партиско-политичките опоненти, етноцентричност, национал-шовинизам и дискриминација, како по идеолошко-партиски, така и по уште почувствителните меѓуетнички прашања – тоа се главните, доминантни, карактеристики на известувањето на печатените медиуми залокалните избори.
Генерална констатација за однесувањето на медиумите воопшто, па така и на печатените, во текот на целиот изборен процес е - дека голем дел од нив беа послушни инструменти во рацете на политичките актери и ја потврдија сликата за земја во која слободата на говорот и медиумите се на многу ниско ниво.
Главните случувања се покриени од речиси секој медиум, меѓутоа, во повеќето големо значење се придаваше на активностите на властите, особено локалните, како на пример „сечење ленти“ и „фрлање лопати“, со очигледна намера за позитивна промоција на кандидатите на овие избори.
Цивил во рамки на проектот Слободни и ненасилни избори пишувањето на весниците го следеше според утврдена методологија која подразбираше квантитативно и квалитативно следење на начинот на кој тие известуваа за натпреварот меѓу учесниците на изборите.Во однос на квантитетот, очигледно е дека сите мониторирани весници, како и останатите медиуми, отстапија голем простор и време на локалните избори.
Што се однесува до квалитетот, паѓа во очи дека јавноста ретко можеше целосно и објективно да се информира за целиот изборен процес од еден медиум.Поинаку кажано, малубројни беа медиумите, па така и весниците, кои професионално, објективно, непристрасно и сеопфатно известуваа за сите главни случувања во текот на изборите.Повеќето од нив нескриено се поставија во поддршка на една од страните учеснички, најчесто занемарувајќи ги професионалните стандарди и етика.
Од втората половина на јануари се до завршувањето на изборниот процес, кон средината на април, целосно беа мониторирани, анализирани и евидентирани написите за изборите во дневните весници Фокус (до неговото згаснување), Дневник, Утрински весник, Нова Македонија, Вечер, Коха и Лајм, како и неделниците Фокус, Граѓански и Република, со тоа што првите два во меѓувреме престанаа да се печатат.

Деталните податоци за бројката на објавени текстови во секој весник одделно, со описи за нивната содржина и забелешки на нашите аналитичари се содржани во табелите за секој ден, а кои ќе се во прилог на овој Извештај во пропратно цд.

Во тенденциозното известување, со нагласен говор на омраза кон главната опозициска партија, СДСМ и нејзините лидери и градоначалнички кандидати, и величање на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, предничеше дневниот весник Вечер. Ваквото однесување на овој весник не зачудува имајќи го предвид начинот на кој тој „информира“ веќе години наназад. Занемарувањето на сите професионални стандарди и етички кодекси во време на предизборието и самите избори, посебно кога се работи за случувањата во и околу партиите, беше главната карактеристика на овој весник. Вечер, заедно со ТВ Сител кај електронските медиуми и Курир, во интернет просторот, имаше најголем придонес во урнисување на медиумскиот амбиент, од што произлегоа и изразено негативни оценки од релевантни меѓународни организации и институции за состојбите со слободата на говорот и медиумите во земјава.

Написите од типот „Најави за масовен одлив на членството на СДСМ“, „Се ситни опозицискиот фронт“, „Макрадули од редовите на СДСМ (...) одржал трибина со неколку души“, „Груевски порача: Ќе види СДСМ која е моќта на народот“, „Потврден дебакл на СДСМ, Бранко изгуби и во родното Дебарца“, „Регистрирани само ситни прекршувања“, „Потоп на политиката на Бранко и СДСМ“, „Во ДИК се поделија на предавници и патриоти“, „Жерновски како невработен стекнал повеќе отколку другите за цел работен век“ и слични –беа речиси секојдневни во овој весник. Треба да сс напоменеи дека новинари на Вечер доста редовно ги следеа прес-конференциите на Цивил, но известија само од една од нив.Претпоставуваме дека тоа се должи на оценките за бројните изборни нерегуларности кои ги забележаа набљудувачките тимови на Цивил, а кои беа сосема спротивни од оценките на Вечер дека изборите се фер и демократски.

Весникот Дневник, исто така, прилично отворено ја поддржуваше владејачката коалиција. Но, во овој весник, за разлика од Вечер, сепак можеа да се прочитаат извештаи и за активностите на опозицијата и изјави на нејзини челници и градоначалнички кандидати.Во Дневник неретко можеа да се прочитаат и текстови кои, благо речено, негативно задираа во меѓуетничките односи. За илустрација, ќе наведеме неколку цитати: „И покрај договорот





што вчера попладнето беше постигнат за локалните избори, постои можност дека на денот на гласањето можни се инциденти на низа места. Дневник според оператвини податоци и анализи пренесува дека најпроблематични се Чаир и Сарај во Скопје, Липково, Куманово, Тетово и Зајас“ (02.03) (станува збор исклучиво за општини со мнозинско или со значително албанско население, н.з.); или, „На двегодишнината од инцидентите на Кале, кога физички се пресметуваа Македонци и Албанци, Артан Груби, кандидат за градоначалник на Скопје од ДУИ токму од местото на инцидентот ја потврди својата кандидатура. Тој директно учествуваше во настаните и осуден е условно, но ова не го смета за провокација“ (14.02); „Катр ди“ – кумановска лозинка за гласање; најчесто влегуваше еден човек од албанската етничка заедница,гласаше и по него цела група луѓе на кои гласно им коментираше „Катр ди“, т.е (42)“ (12.04)... За провладината ориентација на Дневник сведочат написи во стилот „СДСМ со бојкотот го манипулирал сопственото членство“, „премиерот од митингот во Скопје порача: Противниците не сфаќаат дека времето ги прегазило“ и слични.

Поумерена уредувачка политика, но во која сепак можеше да се забележи провладина ориентација, имаше Нова Македонија. Во весникот можеа да се прочитаат ставови кои се јасно на линија на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, како, на пример, коментарот под наслов „Поделба на подобни и на неподобни гласачи“, во кој се вели: „опозицијата ги дискриминира и ги понижи Македонците од Пустец. Прашањето за право на гласање на нашинците од Пустец излезе од контрола и прерасна во нереална опозициска тема; Што е причината за големиот пораз на СДСМ; Народот покажа дека не сака ваква опозиција“. Весникот имаше разновидни информации, во кои беа застапени активностите на сите учесници на изборите, а провладината ориентација може да се види од текстовите на коментатори и колумнисти. Така, во една од колумните (19.02) може да се прочита следното: „СДСМ „одработува“ за ВМРО-ДПМНЕ! Поради својот дилетантизам, прави сè за себе себеси што повеќе да се ослабне...“.

Проопозициски ориентиран, но во најголемиот дел со водење сметка за професионалните стандарди и етичките норми, беше дневниот Фокус. Во ставовите изнесени во однос на главните актери на изборите преовладуваа критиките кон владејачката коалиција, но неретко не беа штедени ни опозициските партии.Во информативниот дел, овој весник, за разлика, на пример, од Вечер, не ги манипулираше своите читатели со селективно објавување

на информации, туку се трудеше да даде комплетна слика за главните случувања во текот на изборите. За критичкиот однос кон владејачката гарнитура, во анализите и коментарите на Фокус може да се прочитаат и ставови, како следниот, какви што тешко можат да се видат во другите медиуми: „Во екот на изборната кампања, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски, на митинзите на кои треба да ги претставува кандидатите за градоначалници од партијата, упорно излегува од позиција на премиер“(11.03).

Во Фокус сепак надвладува објективното известување, па така, за разлика од другите весници на македонски јазик, во него, на пример, може да се прочита и следново: „Остри експертски реакции по одлуката за заеднички настап на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ  во Струга и Кичево.  Како е можен сојуз меѓу “фашисти“ и “комуњари“? - гласи насловот на написот во врска со коалицирањето на двете најголеми и спротивставени партии, во двата града каде постоеја реални шанси да победат кандидати од албанска национална припадност, што на крајот и се случи. Исто така, кога интервјуира кандидат за градоначалник од една партија, весникот му отстапува простор и на оној од опонентната (на пример: „Здравко Коцев, кандидат од СДСМ за градоначалник на Штип во интервју за дневникот вели дека ќе направи се да го сопре одливот на мозоци од овој град. “Фокус“ го контактира и противкандидатот на Коцев, Илчо Захариев од ДПМНЕ кој и покрај тоа што вети, не одговори на прашањата од редакцијата“). Покрај тоа, во анализа на весникот може да се прочита и став дека : „програмската понуда на партиите изгуби на атрактивност,што поради задоцнетиот влез на СДСМ во изборниот процес,што поради заморот на идеи во ВМРО-ДПМНЕ„.

Утрински Весник може да се издвои како единствен објективен дневен весник на македонски јазик.Овој весник редовно, сеопфатно, објективно и професионално информира за сите поважни случувања на македонската политичка сцена.Она што го издвојува од другите весници на македонски јазик (по згаснувањето на Фокус) е прилично големиот број информации за случувањата во албанскиот политички блок, при што, исто така, води сметка за рамноправно и нееднострано презентирање на главните актери во овој кампус.Со потребната доза на внимателност се известува и за потенцијалните конфликтни меѓуетнички ситуации. Така, на пример, во врска со битката за градоначалник меѓу кандидатите од двете најголеми етнички заедници во Кичево, по националистичкиот говор на премиерот Груевски во овој град, под наслов “Кичево да остане македонско“, Утрински пишува: „Премиерот со своите





пораки ја зацементира етничката битка за градоначалничка фотелја, која се заканува да го наруши соживотот во градот“.

За неутралноста на весникот зборуваат и овие два примери: Додека сите други весници на 09.04. пишуваат дека мисијата на ОБСЕ/ОДИХР ги оценила изборите како „мирни и ефикасно спроведени“, „демократски“, „без забелешки“ и сл., Утрински известува под наслов „ОДИХР со многу забелешки за изборите“. Овој весник е и единствениот кој објави интервју со кандидатот на опозицијата Андреј Жерновски по неговата победа на изборите во Центар.

Од печатените медиуми на албански јазик, секојдневно беа мониторирани и анализирани весниците „Коха“ и „Лајм“. Како и обично во изборните процеси, најголем простор се отстапува на албанските партии, односно на кандидатите Албанци, што е случај и со другите медиуми, односно радијата, телевизиите и интернет порталите на албански јазик. Имаше и навивања за кандидатите на партиите на Албанците и триумфализам по победата на кандидатите Албанци во Кичево и Струга. Меѓутоа, главно се објавуваат и информации за сите позначајни случувања во македонскиот блок. Посебно интензивно за случувањата околу двата главни блока на македонските партии се известува во времето додека е се уште неизвесно дали опозицијата ќе учествува на изборите или ќе ги бојкотира.

По изборите во Кичево, каде што победи кандидатот Албанец, Коха објавува изјави на албански аналитичари кои повикуваат на единство на албанскиот политички фактор за да победи кандидатот на ДПА и во Струга. („Обединувањето на албанскиот глас што резултираше успешно со победата на Фатмир Дехари во Кичево, според албанските политички аналитичари е потребно и за три други општини –Струга, Брвеница и Долнени“, Коха, 01.04). Исто така, се известува и дека во „борба за секој струшки глас; во пресрет на вториот круг во Струга, изборната пресметка помеѓу Села и Коцоски има целосно етничка димензија„ (Коха, 03.04). Во овој весник можат да се прочитаат и текстови во стилот „Влатко Ѓорчев кој беше набљудувач на коалицијата ВМРО-СДСМ во гласачкото место во Зајаз, кога дознал за резултатите , го фатила паника и избегал без да го потпише записникот“. (29.03.).

Забележително за овие весници е дека нема негативна кампања во однос на ниеден од учесниците на изборите, ниту од албанскиот ниту од македоснкиот политички блок, а нема ни видливо фаворизирање на некој од кандидатите или партиите. Исклучок се неколку извештаи во кои може да се види блага наклонетост,

односно пишување во позитивен контекст, за Партијата НДП и нејзиниот лидер Руфи Османи . На пример, во Лајм, од 01.04., новинарот пишува дека : „Дијаспората организира величествен пречек за Руфи Османи, кој побара од нив подршка од нив на 7 април, кога ќе има втор круг на гласање(стр.4)“).

Генерално земено двата весници на албански јазик се трудеа објективно и професионално да покријат што поголем дел од случувањата во текот на изборите.





# ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛИ

Пристрасноста беше главна карактеристика во известувањето на интернет порталите за кампањата и локалните избори, при што беше видлива и поделбата меѓу порталите кои ги поддржуваа или партиите на власт или оние од опозицијата.Иако со помало влијание од „класичните“ медиуми, на интернет порталите имаше многу информации и извештаи за изборите, но тие беа нагласено пристрасни и еднострани во известувањето.

За разлика од печатените медиуми, каде откако престана да излегуваат изданијата на Фокус, речиси и немаше весник кој известуваше неутрално и објективно, како и од сферата на електронските медиуми, каде што покрај нагласената доминација на провладините гласила имаше и некои што известуваа неутрално, кај интернет порталите имаше очигледна и стриктна поделба на гласила кои отворено беа на страна на партиите кои се на власт или на оние што се во позиција.

На интернет порталите, кои поради технологијата брзо известуваа, имаше многу информации за случувањата во текот на кампањата и изборите, но тие беа главно еднострани.Речиси да и не можеше на едно место да се добие целосна слика за изборите.Со други зборови, кај провладините портали можеше да се прочитаат исклучиво позитивни текстови за владејачката партија и исклучиво негативни за опиозицијата, и обратно - кај опозициските беше видлива отворената поддршка кон опозицискиот блок и нагласено критичкиот став кон власта и нејзините експоненти на овие избори.

Во отворената поддршка на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, без и најмала намера да им даде простор на нејзините опоненти, предничи порталот kurir.mk, кај кој опиозицијата е присутна исклучиво во негативен контекст. Доминантно кај овој отворено про-вмромвски портал беше интензивното промовирање на сите градоначалнички кандидати од оваа коалиција, со обемно пренесување на нивните активности, програми и ветувања. Од друга страна, Курир за кампањата на опозицијата, речиси воопшто и не известуваше.Доколку и имаше информации за опозицијата тие беа тенденциозни, со релативизарење на посетеноста на митинзите, со што се создаваше нереална слика за поддршката што таа ја има кај електоратот.

Говорот на омраза кон опозицијата беше дел од уредувачка политика на овој портал.Навредите кои што кон личностите од

СДСМ ги упатуваат челниците на ВМРО-ДПМНЕ се пренесуваа ударно со бомбастични наслови.Меѓутоа, никогаш не беше отстапен простор на лидери или претставници на опозицијата да одговорат на навредите или разните обвинувања.Накратко, Курир и неколкуте слични портали ги карактеризира апсолутен недостаток на објективност, професионализам и етика.Идентично како кај Сител (меѓу електронските медиуми) и Вечер (кај печатените) и кај Курир најчесто, кога станува збор за известувањето за изборите и партиите, не може да се направи разлика што е информација а што коментар.

Освен неколкуте, таканаречени „сателитски портали“ на Курир, кои служат за поголема дисперзија на поддршката на владејачката партија, видно тенденциозен во известувањето беше и порталот press24.mk. Карактеристично за овој портал е што немаше нагласено говор на омраза, но објавуваше и пренесуваше шпекулации чија очигледна цел беше да се наруши угледот на СДСМ и неговите лидери.Исто, како и кај Курир, и на овој портал немаше простор за опозицијата да одговори на шпекулациите и обвинувањата.

Пристрасноста на овој медиум најочигледно ја покажува изборот на лицата кои се интервјуирани или на кои им е отстапен простор за да ги изнесат ставовите во однос на тогаш актуелните политички случувања.Тоа се исклучиво високи функционери на владејачката партија, кандидати за градоначалници од истата и разни политичари, новинари и аналитичари кои имаат јасно дефинирани и промовирани критички ставови кон опозицијата и нејзините водечки луѓе.Ниту еднаш за целиот период не беше интервјуиран ниту еден опозиционер и не беше објавена ниту една колумна или анализа во која би се критикувала власта и владејачката партија или би се поддржала опозицијата.

Треба да се укаже и дека овој портал пред да започне изборниот процес главно се држеше до професионалните и етички стандарди, но сосема ги „заборави“ во текот на овој процес. Ваквата „промена“ во уредувачката политика веројатно може да се објасни со појавуваањето на рекламите на ВМРО –ДПМНЕ за изборите, како и на владините медиумски кампањи.

Меѓу неколкуте интернет медиуми кои беа, условно кажано, про-опозиционо настроени, се издвојува порталот plusinfo.mk, кај кој опозиционерството се состои во отворено критичкиот однос кон власта и владејачката партија и во обвинувањата на сметка на истите за малверзации и местење на изборите.Меѓутоа, треба да се укаже дека, за разлика од Курир, во Плусинфо, не може да се забележи





говор на омраза и непрофесионализам, и дека речиси и да немаше селективно известување за кампањата.Во информативниот дел беше забележливо високо ниво на професионализам и сеопфатно и објективно информирање за сите случувања околу изборите. Пристрасноста кон опозицијата на овој медиум можеше да се види во колумните, во кои, најчесто, владејачката партија се обвинува за фалсификување на изборите и директно се поддржуваат кандидатите на опозицијата.

Слично, ако не и на истиот начин како Плусинфо, известуваа и novatv.mk,a1.on.mk, libertas.mk, brif.mk.Кај овие и уште неколку портали, во делот на колумните, интервјуата, анлизите, а делумно и во начинот на известување и изборот на информации, е видлива наклонетоста и пристрасност кон опозицискиот блок и критичкиот однос кон владејачката партија и нејзините коалициони партнери.

За разлика од наведените,порталот mkd-news.com, главно на неутрален, објективен и професионален начин ги следеше активностите на сите учесници на изборите и со потребната доза на критички однос известуваше за случувањата. На овој портал имаше простор опозицијата да одговори на обвинувањата и на шпекулациите на власта и владеачката партија.

Порталите на албански јазик, слично како и другите медиуми на овој јазик, најголемиот дел од просторот го посветија на изборниот натпревар меѓу партиите на Албанците – владејачката ДУИ и опозициските ДПА и НДП.

Како изразито пртстрасен и тенденциозен поддржувач на владејачката ДУИ и во текот на целиот изборен процес се издвојуваше порталот zhurnal.mk. Овој портал, слично како и Курир од порталите на македонски јазик, се перцепира како „орган“ на ДУИ, односно негово партиско гласило.

Кај овој партал имаше драстичен дисбаланс во поглед на бројот на текстови во поддршка на ДУИ.Порталот Журнал неретко објавуваше и манипулаци и водеше негативна кампања во однос на опозицијата во албанскиот политички блок. За илустрација: На прашањето дали ќе поднесе оставка „по длабокиот пораз во сите албански општини“ лидерот на ДПА одговара дека „и тоа е можно, доколку го побараат 90 илјади активисти на ДПА, а не другите кои гласаа против оваа платформа“. Журнал прилогот го објавува под наслов „Можно е Тачи да побара оставка?“.

Слично, со фаворизирање на владејачката партија, но без толку видливиманипулацииинегативнакампања,известуваиплатформата на албански јазик на Курир, sq.kurir.mk.Карактеристично за овој

порал е што, во врска со изборите, доминираат прилози преведени од матичниот портал.
Кај другите македонски интернет медиуми на албански јазик, како portalb.mk, almakos.mk, tetova1.com…, може да се забележи избалансирано и објективно известување за активностите на сите учесници на изборите, со понекој критички прилог за партиите од владејачката коалиција.





# АГИТАТОРИ НА НАЦИОНАЛИЗАМ

Кампањата за избор на градоначалник на Кичево и на Струга сублимирано и на едно место ја покажа и до крај ја разголи срамната улога што повеќето медиуми ја имаа на локалните избори. Новинарите и медиумите активно се вклучија во националистичката реторика на политичките партии, во поттикнување на меѓуетничка нетрпеливост, што беше врв на злоупотреба на професијата и грубо кршење на кодексот и професионалните норми и стандарди.
Дел од медиумите беа активни (со)учесници во злоупотребата на национализмот од страна на политичките партии во функција на избори, која повремено беше и на раб на националистичка хистерија. Ваквото однесување на политичките партии, поддржани и од дел од медиумите, не може а да не остави траги и последици врз меѓуетничките односи, не само во Кичево и Струга, туку и пошироко во државата.
Националистичката реторика, поточно злоупотребата на национализмот во кампањата за локалните избори ја наметнаа највлијателните политички партии од македонскиот и од албанскиот блок. Направени се „неприродни“ коалиции при што и партиите од владеачката коалиција, како и оние од опозицијата се „раздружија“ по етничка линија. Создадени се нови етнички/националистички „сојузи“ помеѓу партиите на Македонците (ВМРО -ДПМНЕ и СДСМ) и партиите на Албанците (ДУИ и ДПА).
Такви беа условите во кои медиумите и новинарите известуваа за активностите и реториката со која се служеа лидерите, кандидатите и активистите на овие привремени и наменски етнички/националистички коалиции. Дневните извештаи во медиумите главно точно ја пренесуваaа атмосферата во која се одвиваше кампањата. Граѓаните беа редовно информирани за вжештената атмосфера во која се одвиваа кампањата и изборите во Кичево и Струга.
Меѓутоа, сосема мал, незначителен број гласила со уредувачката политика, коментари и ставови се дистанцираа од националистичката реторика на партиите и го осудија поттикнувањето на меѓуетничка нетрпеливост. Тоа беше уште една потврда за пристрасноста на медиумите и за нивната поврзаност со партиите.
Дел од новинарите и медиумите, не само што беа пристрасни, туку отидоа и многу подалеку, се впуштија во националистичката

реторика и поттикнување меѓуетничка нетрпеливот и омраза. Овие медиуми, се однесуваа како активни учесници и актери во кампањата и отворено заземаа страна во етничката/националистичка поделба во функција на изборите.

Во првите редови беа медиумите кои во текот на целата кампања јасно заземаа страна на партиите на власт или на една од националните опции. Овие гласила беа и промотори во кампањата на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ. Тоа, пред сé, се однесува на ТВ Сител и МТВ прва програма, потоа весникот Вечер и порталот Курир кои во оваа кампања беа агресивни како никогаш порано.

Во медиумите на албански јазик, освен пристрасност, односно „навивање" за кандидатите Албанци во Кичево и Струга, не се забележува говор на омраза. Меѓутоа, по победата на кандидатот Албанец во Кичево имаше триумфализамм а овие медиуми, цитирајќи политичари и аналитичари Албанци, повикуваат на обединување на албанскиот политички фактор и во општините Струга, Брвеница и Долнени со цел да се победи противкандидатот Македонец. По завршувањето на изборите во Кичево и во Струга, кај овие медиуми можеше да се забележи нескриено задоволство од конечниот исход, при што имаше и пораки од типот „Кичево конечно албанско" или „Струга на Албанците".

Треба да се напомене и фактот дека последица на говорот на омраза, личните навреди и омаловажувања на противниците на владејачката партија, кои беа присутни во текот на целата кампања, се пренесоа и во сферата на меѓуетничките односи. Највпечатлив пример за тоа беа известувањето и коментарите околу говорите на лидерот на ДПМНЕ Никола Груевски на митинзите во Кичево и Струга. Во нив имаше изблици на национализам, етничка нетрпеливост, на раб на хистерија. Тоа не им пречеше или токму поради таков тон и содржина,медиумите под контрола на оваа партија говорите на премиерот да ги оценат како историски.

Што има историско во поттикнувањето национализам и меѓуетничка нетрпеливост и омраза? Одговорот го знаат само лидерот на владејачката партија и медиумите кои се под нивна контрола, кои буквално секојдневно се натпреваруваа кој повеќе и посервилно ќе се додвори.

„Највисоките" дострели на срамната улога, што ја имаа дел од медиумите во кампањата, е поврзана со настаните околу изборите Кичево и Струга. Односот на политичките партии и улогата на дел од медиумите,и на македонски и на албански јазик, има и ќе има последици врз меѓуетничките односи, не само во овие две општини,





туку и пошироко.

Веќе стана практика национализмот и меѓуетничките односи партиите на власт, но и оние од опозицијата, да ги држат отворени и да ги наметнуваат по потреба за дневно-политикантски потреби. Потврда за тоа е и изјавата на лидерот на владејачката партија кој, откако беше исвиркан при посетата на Кичево по изборите изјави дека се солидаризира со гневот на кичевчани.

Остана нејасно поради што е гневен премиерот. На поразот на неговата етничка/националистичка опција во Кичево, на граѓаните кои се осмелиле да протестираат и да го исвиркаат или на медиумите под негова контрола.

# ИЗВЕСТУВАЊЕ НА МЕДИУМИТЕ ЗА КАМПАЊАТА ВО КИЧЕВО/СТРУГА

## Избор

### 15.03.2013

**Дневен Фокус**

Во написот "Ахмети за етничка Албанија, Груевски за Македонија на Македонците" се пишува за митинзите во Струга и Кичево, каде што ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ настапуваат обединети, а на кои премиерот Груевски ги повикува сите Македонци, без разлика дали и припаѓаат на партија од власта, од опозицијата или пак се неопределени, да го поддржат заедничкиот кандидат како не би му дале шанса на албанскиот кандидат, каде што пак ДУИ од друга страна води агресивна кампања за собирање албански гласови и ветува реализирање на сонот "голема Албанија" (стр.4);

**Дневник**

Благоја Деспотовски, кандидат за втор мандат и актуелен градоначалник на Кичево од ВМРО-ДПМНЕ, во интервју за дневникот вели дека соработката со СДСМ била нешто што го барале граѓаните на Кичево, а политичарите треба да го слушаат гласот на народот. Смета дека неговата победа на 24март нема да биде победа само од гласовите на етничките Македонци, туку и од Турци и Роми(стр. 2);

"Груевски и Ахмети во костец за Струга и за Кичево". За лидерот на ДУИ, соработката меѓу македонските партии личи на мачка и глушец и е направена од паника и страв, додека пак Груевски смета дека гласањето во двата града е историска шанса да се поправи грешката со територијалната организација (стр. 2);

**Нова Македонија**

Без партиска иконографија на македонскиот блок партии во Кичево; прв пат на едни локални избори е договорено на митинзите во Кичево да нема партиска иконографија, туку да бидат истакнати македонското знаме и знамето на градот. Исто така одлучено е македонскиот блок да има еден изборен штаб (стр.2);



ИЗВЕШТАЈ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013, АНАЛИЗИ И ПРЕПОРАКИ

**Вечер**

Митинг на владејачката партија во Западна Македонија. Груевски: "Ова се историски избори за Струга.Имаме голема историска шанса на радикалите и на националистите да им покажеме дека оваа држава сите ја чувтсвуваат како Македонија" (стр.4);

**Неделен Фокус**

"Етничка битка за Кичево и Струга"; куриозитет на престојните локални избори ќе биде формалната соработка меѓу двата најголеми македонски субјекти. По обединувањето на силите на ДУИ и ДПА, силите ги здружија и ВМРО и СДСМ за две општини со цел градоначалник да стане Македонец. Дали Груевски ќе ја поништи територијалната реорганизација или Ахмети ќе ја исцрта етничка Албанија? ( стр.10);

**Република**

"Локални избори за големи држави"– ДУИ порача дека доколку во Кичево не победи командантот на УЧК Дехари, Албанците во овој град нема да дишат (стр.6);

### 16-17. 03. 2013

### Дневен Фокус

ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, за Кичево и Струга соперници, за втор круг соработници.  Општини каде им е потребна меѓусебна поддршка се Чаир, Битола, Карпош, Скопје, Тетово и Гостивар (стр.6);

**Дневник**

"Груевски: Кичево било и ќе остане Македонија" (стр.6).

**Утрински весник**

"Кичево да остане македонско"; премиерот со своите пораки ја зацементира етничката битка за градоначалничка фотелја, која се заканува да го наруши соживотот во градот (стр.8);

**Нова Македонија**

Кичево да им остане на сите граѓани, ова го порача Груевски на митингот и промоција на кандидатот за градоначалник Благоја Деспотовски. "Сакаат на вештачки начин да ја променат етничката слика на Кичево, со етно-национализам да ја освојат власта на овие простори" (стр.2);

Македонија пред избори - репортажа од Струга; “Мостовите да ја спојуваат Струга“;
На овие избори тројца ќе бијат битка за градоначалник на Струга (стр.4).

**Вечер**

Митинг на коалицијата “За подобра Македонија“ Груевски: Да покажеме чие е Кичево (стр.4)

## 18.03. 2013

**Дневник**

Модерен патриотизам на политичките противници. Игор Ивановски и Антонио Милошовски заедно во Струга и Кичево; политичките разлики тука се надминати, подобар живот ќе има за сите без разлика на етничката припадност, ветија претставниците на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ (стр.2);

**Утрински весник**

Кичево и Струга, тест за коалицијата на “Илинденска”; како инстант-сојузништвото меѓу ДПМНЕ и СДСМ на локално ниво ќе се одрази на комуникацијата меѓу партнерите во владата (стр.6);

**Вечер**

ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ на заедничка конвенција им порачаа на стружани: “Победа за Струга е можна само со масовна излезеност“ (стр.4);

## 19.03. 2013

**Дневник**

Расправа помеѓу Тачи и Ахмети за Струга; од партиите се разменуваат понуди со кои би се овозможило албанскиот политички бкок, освен за Кичево на изборите да соработува и за Струга (стр.2);

**Нова Македонија**

На хартија граѓани, на митинг националисти; програмите на Дехари и на Лабеништа ветуваат еднаков развој за целата општина без разлика на етничката припадност на населението, но тие не можат да допрат до гласачите Македонци и до другите што не го разбираат албанскиот јазик, бидејќи не се преведени. ( стр.4)



ИЗВЕШТАЈ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013, АНАЛИЗИ И ПРЕПОРАКИ

## 25.03. 2013

**Дневен Фокус**

Неизвесност до последен момент; тешка гласачка битка за Кичево. Во Кичево пристигнале повеќе од 3 илјади иселеници, додека за македонскиот блок дошле 2 автобуси од Италија и Србија (стр.6);

**Дневник**

Во Кичево мирно и масовно; неофицијално сумирањето на гласовите почнало дури во 21ч. се споменува дека имало и кавги, а во водство се менувале двајцата кандидати во зависност од тоа од кое место се пребројувале гласови (стр.2);

**Нова Македонија**

Во Струга и Кичево се гласаше и се славеше; Струга во 10ч. личеше како да е среде туристичка зона (стр.2);

## 26.03. 2013

**Дневен Фокус**

Дехари со кочија и со бел коњ ќе се прошета низ Кичево; за победата на градоначалникот на Кичево од редовите на ДУИ, била офарбана кочија во бела боја на која имало двоглав орел и албанско знаме (стр. 8);

## 27.03. 2013

**Дневен Фокус**

Груевски исвиркан од вмровци во Кичево; поголема група граѓани од македонска националност не му дозволи да го напушти партиското седиште додека не им одговори како ДУИ успеа да победи во Кичево (стр. 8).

**Дневник**

ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ ја оспоруваат победата на Дехари во Кичево; коалицијата за поддршка на Благоја Деспотовски вчера поднела приговори за 7 изборни места со кои може да се доведе во прашање победата на на кандидатот на ДУИ (стр.2);

**Утрински весник**

Груевски ги смируваше Кичевци; Македонците во Кичево револтирани зашто градот прв пат ќе го води Албанец (стр.6);

**Вечер**

Премиерот вчера од Кичево порача: Го разбирам гневот на кичевчани, тоа е и мој гнев (стр.3)

## 29.03. 2013

**Утрински весник**

Големи очекувања- големо разочарување во Кичево; “Албанци во општината се 28.000,а Македонци 16.000.Ама ние сме реална бројка, ние живееме тука, а Албанци се околу 5000, коментираат од здружението “Кичевци за Кичево“ (стр.9).

## 01.04. 2013

**Вечер**

Како СДСМ го продаде Кичево- минатиот петок Сител објави дека СДСМ се договорил со ДУИ да не подржи гласање за поништување на две избирачки места во Кичево, со што Црвенковски практично му овозможи на Дехари да биде избран уште во прв круг (стр.4);



# Препораки

БЕСКРУ-
ПУЛОЗ-
НА БОР-
БА ЗА
ВЛАСТ

ИЗВЕШТАЈ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013, АНАЛИЗИ И ПРЕПОРАКИ

# Препораки

Следните препораки се концизни пораки кои произлегуваат од анализата и теренските извештаи собрани од тимовите за мониторинг на Цивил и партнерските организации. Секој дел од препораките се заснова на внимателно набљудување и избор на најгорливите проблеми за да се овозможат и долгорочни и краткорочни услови за навистина слободни и ненасилни избори во иднина, како и да се подобри состојбата со човековите права и демократијата во земјата.

ПРЕПОРАКИ НА ЦИВИЛ

# За Владата, државните институции и администрацијата

## Правни

- Да се решат проблемите со списокот на гласачи (на пример, преместување лица од едно гласачко место во друго меѓу изборните кругови)
- Да се воведат мерки за спречување демографски интервенции
- Да се промени изборната легислатива во систем на отворени листи
- Да се појасни дефиницијата за „рани кампањи“ и да се воведат построги санкции
- Да се зајакнезаконодавството за финансирање на партиите и да се воведе систем на сериозни санкции за прекршоци
- Да се воведе систем на гласање во отсуство наместо гласање на дијаспората за да се избегнат понатамошни забуни за улогата на гласачите од дијаспората
- Да се преструктуира составот на Државната изборна комисија (ДИК) и општинските изборни комисии (ОИК) во непартиски и неадминистративни тела

## Политички

- Да се отпочне дебата за промена на системот во систем на отворени листи
- Да се започне политички дијалог во земјата
- Да се воведат мерки за почитување на човековите права и слободи и владеењето на правото во контекст на изборите

## Институционални

- ДИК, обвинителството и МВР треба да започнат да работат по службена должност и да отвораат постапки за наводите за измама, вклучувајќи го и изборниот притисок
- ДИК, обвинителството и релевантните власти да ги испитаат наводите за двојни лични карти.

## Медиуми



ИЗВЕШТАЈ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013, АНАЛИЗИ И ПРЕПОРАКИ

- Владата треба да обезбеди услови за слобода на изразувањето и медиумите
- Да се применат постојните стандарди, закони и прописи за да се обезбеди транспарентност во сопственоста на медиумите
- Да се запре постапката за изготвување закон за медиуми зашто е излишен
- Да се создадат услови за искоренување на монополот во дистрибуцијата на весниците и да се овозможи професионален систем на дистрибуција
- Да се исполни обврската која произлегува од договорот со ЕУ од 1 март за расветлување на настаните од 24 декември 2012 година, вклучувајќи го и насилството против новинари

# За граѓанското општество и медиумите

- Да се искористи правниот систем и да се поднесуваат тужби во случаи каде има наводи за изборна измама
- Да се создаде коалиција/платформа против изборни измами и да се побара меѓународна поддршка
- Изборните активности да се набљудуваати помеѓу изборите
- Да се регулира социјалниот и професионалниот статус на новинарите и медиумските работници во согласност со барањата на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници
- Да се изготви етички кодекс/кодекс на однесување за печатените и интернет медиумите за време на изборните процеси



ИЗВЕШТАЈ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013, АНАЛИЗИ И ПРЕПОРАКИ

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

342.8:352(497.7)”2013”(047.31)

РЕПУБЛИКА Македонија, локални избори 2013 : бескрупулозна борба за власт : анализи, извештаи и препораки / [автори Џабир Дерала ... и др.]. - Скопје : ЦИВИЛ - Центар за слобода, 2013. - 98 стр. ; 21 см

Публикацијата е во рамките на проектот “Проект за слободни и ненасилни избори 2013”. - Автори: извештаи и анализи Џабир Дерала, Харалд Шенкер, Албулена Карага, извештаи за медиумите Ристо Поповски, Илир Ајдини, Анушка Цветковска

ISBN 978-9989-2001-5-1
1. Дерала, Џабир [автор]
а) Локални избори, 2013 - Македонија - Истражувања
COBISS.MK-ID 94349322

WWW.CIVIL.ORG.MK

**2013 ПРОЕКТ ЗА СЛОБОДНИ И НЕНАСИЛНИ ИЗБОРИ**

CIVIL

финансиски поддржан од

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

WWW.CIVIL.ORG.MK